СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 мај 1992 година

Скопје, мај 1992 година

**ДИСКУТАНТИ ОД II-то ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 38-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 19 МАЈ 1992 ГОДИНА.**


1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 87, 119, 202, 207.
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 16.
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 23, 67, 208.
4. АЛИУ ХАМИД - 35
5. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 108
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР- 5
7. ГОШЕВ ТУШЕ - 26, 34, 38, 47, 56.
8. ГОШЕВ ПЕТАР 30, 203. 8а- ЃОРЃЕСКИ ДУШКО - 109
9. ДИМОВ ТОДОР - 42.
10. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 28 ,66, 84, 94, 209
11. ЖУТА БЕЌИР - 78, 103, 118, 201.
12. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 25
13. ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР - 8, 9
14. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 10,113
15. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 102.
16. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 63, 67
17. МИНОВ ПАНЧО - 95, 101
18. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 106.
19. НИКОЛОВСКИ - 208
20. НИКОЛОВ ЈОВАН- 4
21. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 44, 55, 98, 104, 112, 115, 116.
22. ПАУНОВ ТОДОСИЈЕ - 50.
23. ПЕТРОВ ТОДОР - 12, 63, 65, 74, 80, 82, 93.
24. ПЕТКОВСКИ ТИТО 5, 21, 33, 38, 53, 61, 86.
25. ПОПОВСКИ КИРО - 93, 96.
26. ПРЕВАЛА ШАБАН - 205
27. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 110.
28. СЕЛМАНИ НЕИМ - 41, 49, 50.
29. СТЕФАНОВСКИ ТОМОСЛАВ - 10.
30. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 36, 65,
31. ЕЛМАНИ АСЛАН - 106.
32. СТАМЕНОВ РИСТО - 200,206.
33. СТОЈАНОВСКИ КИТАН - 207
34. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 3, 4
35. ТАИРИ ЏЕЛИЛ – 4
36. ТЕМЕЛКОВСКИ ПЕТАР - 18.
37. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 54, 92
38. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА - 64, 88, 91, 92, 96
39. ТРАЈАНОВСКИ СТОЈАН - 206


продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 мај 1992 година

Седницата се одржа во сала 1, во зградата на Собранието со почеток во 10,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ**

Пратениците Иван Иванов, Душко Ѓорѓески, Димитар Димитровски, Томислав Стојановски, Фаик Абди,'Наум Симјановски и Димитар Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа пратеници, тргнувајќи од уставните и деловничките овластувања што ги имам како претседател на Собранието, а со цел да се подобри ефикасноста на седниците на Собранието и да се надминат објективните забелешки упатени до Собранието, дозволете ми да укажам на' следното:

Според Деловникот, пред седниците на Собранието по сите акти и материјали се води широка расправа во работните тела каде учествуваат претставници на Владата и надворешни членови од редот на научните и стручни работници од Републиката. Врз основа на овие расправи се подготвува извештај со конкретни предлози, мислења и забелешки а по предлозите на законите се поднесуваат амандмани кои се доставуваат до сите пратеници. Имајќи ги предвид деловничките одредби а со цел да ја надминеме досегашната практика расправите од работните тела да се повторуваат ка седницата на Собранието предлагам на седниците на Собранието кои со голем интерес ги следи целокупната јавност

во Републиката да се респектираат извештаите на работните тела, а расправите да бидат насочени повеќе кон конкретните мерки и заклучоци содржани во извештаите на работните тела, односно по амандманите ако е во прашање Предлогот на закон.

Ова го укажувам со единствена цел да се ангажираме да се намали непродуктивното поминато време, а да се подобри ефикасноста на работењето, со што ќе се намалат и големите материјални трошоци.

Дали Собранието го прифаќа овој предлог? (го прифаќа).

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на членот 26, за додавање нов член 27, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, предлагам по точките 26, 27 и 28 да не расправаме во отсуство на ресорниот министер. Пратеничката група на ПДП е на становиште дека овие точки треба да се расправаат во присуство само на министерот. Во негово отсуство ценам дека не ќе може да се одвива расправата. Молам тоа да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа се однесува на точките 26, 27 и 28 .(се согласуваме)

Во таков случај нашата работа треба да продолжи по точката еден. Прво да видиме дали имаме точен број на присутни пратеници. Осумдесет и пет пратеници се присутни. Според тоа, можеме да преминеме на првата точка;

Предлог на Уставен закон за изменување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на Уставниот закон и амандманот поднесен на пратеникот Тодор Петров, мислењето на Владата на Република Македонија и Извештаите на Комисија за уставни прашања, Законодавно- правната

комисија и Комисија за општествено политички систем, ви се доставени односно поделени.

Согласно член 133 став 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат потребен број пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Отворам општ претрес.

Сега ве молам за натамошниот тек на седницата, јас тоа не го изнесов додека уште можеше да продолжиме со расправата по точката 26 заради тоа што расправата почна под дадени услови, имаме едно писмо од господинот Бошков, кое ви е поделено и таму се дадени три предлози како да тече расправата по точките кои се на дневен ред на денешната седница. Тој предлага, бидејќи во работните тела се учествувало во расправата, кординаторите на пратеничките групи да можат да настапат со должина на дискусијата по 18 минути, пратениците да можат да зборуваат до 5 минути, а независните пратеници да немаат ограничување.

Дали оваа иницијатива може да се прифати.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

Или дајте да подискутираме за ова .

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Често пати ни се случува, патем да усвоиме некои предлози и заклучоци, кои после ни се враќаат како бумеранг по сопствената глава. Тука има една многу нелогична работа. Се вели ограничување во име на парламентарната група од 18 минути, од било кој пратеник 5 минути а независните кандидати можат да говорат неограничено. Ова третото мене ми изгледа нелогично. Тоа значи дека секој независен пратеник добива повеќе можност и простор од било која парламентарна група која ги има по

37, 31 пратеник итн. Мислам дека ќе се доведеме во ситуација еден човек да ја држи расправата со часови. Или да се уточни предлогот логично како што е даден, или вака како што е даден не може да продолжи расправата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате ли вие предлог?

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Може независните кандидати да имаат право како и секој пратеник.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Јас само со една исправка да предложам независниот пратеник да има исто право, како и координаторот на парламентарната група.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Како може да има ограничуваше на некои кога треба нешто да образложуваат и имаат потреба од тоа. Јас мислам дека пратеникот треба да биде свесен да не ја злоупотребува говорницата. Тоа е основно. А вака со едно ограничување кога треба навистина на говорницата да каже нешто ќе биде ограничен да каже. Според тоа, мислам нелогично е еден ваков предлог да се прифати. Секој треба да биде свесен . Точно е дека оваа говорница е злоупотребувана и ќе биде злоупотребана. Но да не се злоупотребува. Тоа е основно. Но вакви ограничувања не водат кон никаде.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Сметам дека предлогот на Бошков е содржаен, меѓутоа со овие измени што ги кажаа и претходните дискутанти, во однос на тоа седниците да. не бидат долги, со недели, сметам дека треба да се прифати, а во однос на тоа дали независните кандидати треба да имаат право колку

координаторите, сметам дека исто и тие се избрани од една единица, колку што сум и јас од една изборна единица и затоа сметам  дека како и секој пратеник и тие треба да имаат толку време за дискусија.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВКСИ:**

Јас предлагам да не се прифаќа никакво ограничување, да се држиме исклучиво според Деловникот, бидејќи деловникот кога се донесува бара посебна процедура, тогаш демократски се земаат предвид сите околности а така на еден недемократски начин, спротивен на парламентарната демократија се воведуваат ' некои ограничувања.

Сметам дека ризикот за тоа што некој долго ќе зборува е негов и тоа го цени јавноста и мислам дека треба да се оди на тоа секој да го има правото да се искажува на говорницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, предлогот на господинот Бошков има корен на деловникот за ограничувањето на траењето на говорот и тоа само по еднаш да може да се јави говорникот е предвидено во деловникот, како деловничка одредба и затоа јас како претседател му се придружувам на господинот Јордан Бошков сепак да ја направиме работата поефикасна и да се договориме ако неговиот оригинален предлог не одговара како дато го дал тој. Овде"сакаше да внесе некои модалитети, тогаш предлагам како што е и во Деловникот. Да го ограничиме учеството во расправата најмногу на 10 минути и секој да може да зборува еднаш.

Дали се согласувате со тоа?

Кој е за молам да крене рака?( мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (2)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас на Уставната комисија го изнесов своето гледиште по овој закон, а чувствувам за потребно и вас да ви го презентирам. Имено, се состои во следното: Стојам на стојалиште дека не треба многу често да се менува ниту Уставот, ниту нормативниот акт за

спроведување на Уставот. Имено, Уставниот закон за спроведување на Уставот има функција пред се, да создаде нормативни претпоставки за спроведување на Уставот. Често со менување на Уставот создава впечаток малку или на непродлабочено, односно нетемелно проучување на уставната материја, или наша недоследност за спроведување на Уставот.

Второ, сметам дека, лично за мене зборувам, да се изменува Уставот, Уставниот закон само да се продолжат роковите за донесување на определени закони, малку е несериозна работа . Измената на уставниот закон за продолжување на рокот за донесување на законите од член 7 и член 8 и она што го предлага Владата во член 6 од Уставниот закон, мислам дека Собранието не треба да го прифати. Еве да кажам од кои причини. Покрај оние што ги наведов да додадам само следното. Ние можеме да се доведеме во состојба да го продолжиме рокот за донесување на овие закони, изменувајќи го член 7 и за уште 6 месеци, а да не бидеме во ситуација ниту за тие 6 месеци да ги донесеме овие закони и повторно ќе треба да го пролонгираме, односно изменуваме Уставниот закон за спроведување на уставот. Не бегам од никаква одговорност или утврдување на вина оние што допринеле да не се спроведе член 7 или 8 од Уставниот закон да се донесат овие закони. Но мислам дека за нас е малку неоправдано да се менува Уставот, односно Уставниот закон само заради тоа што рокот за донесување на овие закони не е донесен. Еве само една илустрација. Не сакам да говорам за групата на закони од членот 7, само за законот за државните симболи. Ние сме во состојба Законот за државните симбс5$и да го донесеме и наредната недела односно во текот до крајот на овој или почетокот на идниот месец, ако ова Собрание ги прифати грбот, знамето и химната што ги нуди жири Комисија и Уставната комисија што ќе ги утврди. Според тоа можно е да се донесат и за еден месец, но ако

Собранието не ги прифати ниту грбот, ниту знамето ниту химната, тогаш следи нова процедура, распишување на јавен конкурс, така да ние не можеме да бидеме во состојба ниту да ги донесеме за наредните 6 месеци, ако дословно се држиме на таа процедура. Значи прашањето е релативно. За мене измена, односно продожување на рокот за донесување на овие закони имаше смисла само ако се вршат потемелни промени во политичкиот систем, она што го предлагаше пратеничката група на СДС да се измени член 10, со кој фактички се скратуваше мандатот на пратениците за овозможување да се дојде до нови избори.

И патем да ја искористиме можноста , ако се менува Уставниот закон за тоа да се продолжи и рокот на овие закони, иако тоа до крај не е основано. Според тоа, мислам дека Уставниот закон иако некој формално правно до крај да го толкува дека значи и кршеше на уставниот закон и на уставноста, бидејќи Уставниот закон ја следи судбината на Уставот, за мене е помал грев, отколку да се доведуваме во ситуација неколку пати да го менуваме Уставниот закон, само заради тоа што рокот за донесуваше на определени закони не сме го запазиле.

Може да ви послужи за пример и законот за територијална поделба. Јас не сум сигурен дека ќе успееме ние во Републиката и меѓу партиите да најдеме консензус да го донесеме и за година дена, а неза 6 месеци. Според тоа мислам дека не треба да се менува Уставниот закон, само за продолжувањето на рокот за донесување на законите. И да завршам Парламентот ако стои на тоа гледиште јас го поддржувам да бараме и одговорност за оној што е виновен што не се донеле тие закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Љубомир Јакимовски

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас не знам зошто господинот претседател не спомна дека во материјалите кои се однесуваат на оваа точка има и еден амандман....

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа ли барате збор? Сега е општ претрес, а тоа ќе го кажам кога ќе минеме на претрес по текстот, затоа,немојте сега да зборувате за тоа.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Добро, но ред е кога се кажува кои материјали се поделени да се напомне и тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте сега за тоа, тоа е расправа по текстот, гледајте го општиот претрес.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Инаку, го делам мислењето на претходниот дискутант и збунет сум што Владата дава позитивно мислење околу измената на Уставниот закон, бидејќи Владата беше предлагач на истиот акт и зборува за тоа дека таа сепак не направила реална проценка на своите можности во кој период и за кој рок ќе може да му ги предложи на Собранието потребните акти.

Потоа, исто така не сум за менување на Уставниот закон од причини што во истиот акт, во Уставниот закон не се наведени никакви казнени одредби околу тоа што би било кога тој на пример не ќе се реализира, не ќе

се запазат роковите дадени во него и навистина не знам, кој би ја сносил одговорноста. А честото менување на акти, посебно од уставен карактер, навистина е една сериозна работа.

Овој пат, можеби, исто така, е момент да се запрашаме за врските меѓу Владата и Собранието. Ние постојано слушаме дека Владата ги има изготвено актите, ги има доставено актите, а од друга страна добиваме одговор дека Владата не ги има доставено актите, дека во Собранието не се стасани актите и можеби треба да се направи една група, парламентарна група која ќе види каде се случува тој куршлус меѓу Собранието и Владата.

Ми се чини дека исто така треба да се замислиме за ефикасност на работата на ова Собрание, бидејќи во досегашниот период, ова Собрание покажува крајна пасивност, крајна неазилност и неефикасност. Свикувањето на седници на големо растојание со обемни дневни редови нормално дека ќе предизвика таква неефикасност во работата на Собранието бидејќи никој не"е во состојба да обработи дневен ред до 60 и 70 точки, дневен ред во кој се содржани акти кои значат и конституирање на држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, зборувајте за Уставниот закон тоа е општ претрес, а не за Собранието.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Па, еве, точката за менување на Уставниот закон е резултат на таквата работа на Собранието. Лично сметам дека Уставниот закон не треба да се менува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, еднаш треба да ви биде јасно дека е ова е 38-ма седница за 15 месеци, дека повеќе отколку што е предвидено со Деловникот сме држеле седници. Какви се тие инсинуации и на кого се прават дека ние не држиме седници? Кој се лаже, кого треба да лажеме?

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас сметам дека има потреба да се измени Уставниот закон односно да се прифатат предлозите на Комисија за уставни прашања и амандманот на пратеникот Тодор Петров, бидејќи сметам ние доста интензивно работевме на овие законски прописи и содржана е одредена динамика, независно од тоа рокот од 6 месеци беше краток и сметам дека има потреба да се измени Уставниот закон да се изменат роковите од 6 месеци на 1 година, односно од 1 година на уште еден втор рок.

Второ, не ја прифаќам дискусијата на потпретседателот Тито Петковски која сама на себе си противречи, се залага категорично за измена на Уставниот закон, а веднаш предлага сопствена измена на Уставниот закон. Јас сметам дека ние треба да го успориме темпото на прописи и на овој таканаречен пакет, бидејќи со брзо работење можеме да^донесеме неквалитетни прописи. Овој рок треба да се прифати со продолжувањето, односно да се прифати на Уставната комисија и да одиме со едно редовно темпо на донесување на овие витални закони.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имаме предлог за измена на Уставниот закон кој во основа се сведува на продолжување на роковите за уште 6 месеци за донесување на овие закони кои се наведени во членот 7 од Уставниот закон.

Ја користам оваа прилика да укажам по стоти пат дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ беше таа која што постојано и упорно бараше да се донесе токму тие закони од членот 7 со кои се зацврстува внатрешното уредување на Републиката, се обезбедуваат нејзините државни симболи, а сето тоа ќе беше во функција на побрзото и полесно нејзино меѓународно признавање. Кој и што се спротивставување на донесувањето на овие закони во рокот утврден во Уставниот закон е познато на секого.

Оттука ние како пратеници, членови на Уставната комисија се залагаме и во еден брз процес и во една брза постапка да се заокружи процесот на донесувањето на сите овие закони со една резерва на рокот на донесувањето за продолжувањето на Уставниот закон.

Оттука, сметаме и од оваа говорница ќе кажам повторно сметам дека рокот кој е даден во Уставниот закон за продолжување е предолг и од тие причини ние сметаме дека треба да се договараме само за скратување на рокот за донесување на овие закони, бидејќи познато е доколку денес раправаше ова Собрание, ние ќе ги усвоевме шесте закони од Уставниот закон чие продолжување се бара, а во наредните денови кога се другите закони во нацрт, ние ќе успееме да ги донесеме, што значи дека рокот од 6 месеци за нас е предолг. Од тие причини ние и нема да се определиме за рок од 6 месеци, туку за нешто помалку во смисла на амандманот ќе го поднесе господинот Љубомир Јакимовски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? { никој)

Бидејќи никој. Друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Уставниот закон.

Ве известувам дека предлагачот поднесе амандман што е составен дел на Предлогот на Уставниот закон.

Пратеникот Љупчо Јакимовски поднесе амандмани на член 1 и на член 2 по кои не се произнесе претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Љупчо Јакимовски.

Молам, предлагачот да се произнесе по амандманот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сметам дека е потребно да се направи политички договор меѓу претставниците на сите пратенички групи за да се утврди дали воопшто со предлозите кои се наведени и од страна на предлагачот, а прифатени и од Комисија за уставни прашања и од Законодавно- правната комисија ќе се постигне потребното мнозинство Законот да се усогласи фактичката состојба со Уставниот закон за спроведување на Уставот на Републиката.. Затоа, барам одредена пауза, доколку претставниците на пратеничките групи, тоа го усогласат, за да можеме единствено со потребното мнозинство да го прифатиме предложениот текст на Уставниот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагачот секогаш има право да предложи и да бара пауза и мислам дека треба да се усвои,Тој е овде во својство на предлагач. 15 минути пауза веројатно е доволно затоа што сите консултации пред тоа беа на располагање., можеше да се направат.

(Пауза од 10,55 до 12,00 часот).

(По паузата)

Да продолжиме со работа.

Во салата се присутни 84 пратеници.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Уставниот закон.

Ве известувам дека предлагачот поднесе амандман што е составен дел на предлогот на Уставниот закон.

Пратеникот Љупчо Јакимовски поднесе амандман на член 1 на член 2 по кои не се произнел претставникот на предлагачот. Еве предлагачот не ги прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Љупчо Јакимовски.

Дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

25 пратеници гласаа за амандманот на господин Љупчо Јакимовски.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Љупчо Јакимовски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Љупчо Јакимовски.

Молам, предлагачот да се произнесе по амандманот.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (од место)

Не го прифаќам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагачот исто така не го прифаќа амандманот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

26 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Љупчо Јакимовски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Уставниот закон.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на Уставниот закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

59 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го донесе Уставниот закон за изменување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на **2-та точка** - Предлог за донесување на закон за странски вложувања.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисија за надворешно- политички прашања и односи со странство, Комисија за економска политика и развој, Комисија за стопанство Законодавно-правната комисија како и забелешките на пратеникот Тодор Петров ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за странски вложувања.

2. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров.

3. Овој заклучок,. заедно со извештаите на Комисија за стопанство, Комисија за економска политика и развој, Комисија за надворешно-политички прашања и односи со странство, Законодавно- правната комисија и забелешките на пратеникот Тодор Петров да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за односи со странство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.

74 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на **3-тата точка** - <u>Предлог за донесување на закон за данокот од добивка.</u>

Предлогот за донесување на закон, извештаите на Комисија за финансирање и буџет, Комисија за стопанство, Комисија за економска политика и развој и Комисија за труд и социјална политика и Законодавно-правната комисија како и забелешките на пратениците Тодор Петров и

Симон Наумоски ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, мислам дека причини .за донесување на закон за данок од добивка се оправдани и се во функција на трансформација на зафаќањата од доходот во еден единствен вид на зафаќања, данок од доход, при што се создаваат услови за менуваше на сегашниот систем на оданочување на доходот по оданочување на добивката во согласност со новиот концепт на економскиот систем.

Исто така, сметам паралелно со утврдување на ваквиот систем, индиректно и директно даночниот систем го ставам во функција на социјална политика, што впрочем е зацртано и во макроекономската политика што ја донесе Владата и антиинфлацоната политика. Исто така, во содржината на овој закон е запазен принципот на еднаквост, а тоа значи еднаков третман на сите правни лица без оглед на видот на сопственоста и организационата форма што значи добивката е основен критериум за оданочување, а тоа значи се врши оптоварување според добивката.

Исто така, со решенијата што се нудат во овој закон сепак досегашните 13 диференцирани стапки се сведени само на 4, во кој дел е сместена и дејноста на текстилната индустрија, односно дејност. Се јавува дилема, кај мене дали предвидената стапка од 20% во оваа дејност не претставува некое ново оптоварување од досегашното и ако е така тогаш, многу негативно ќе се одрази на натамошното работење во оваа дејност во кој дел постои акумулација на поголем број на работната сила и која дејност е со најниска акумулација, па и лични доходи.

Наведеното не го искажувам без аргументи, имав можност преку една информација за состојбата во текстилната индустрија да се информирам, а истата беше изработена од соодветниот синдикат во Република Македонија

Поддржувајќи го во начело Предлогот за донесување на овој закон, сакам да предложам до предлагачот посебно внимание да обрне на членот 9 во кои покрај другите се дадени одредени олеснувања за плаќаше на данок од добивка која се добива за вработување на инвалидизирани лица односно лица со недостаток во психичкиот и физичкиот развиток. Тука посебно се залагам ослободувањето од добивката да биде зависно од степенот на оштетувањето.

Зошто го наведувам степенот на оштетувањето. Токму заради тоа што не е исто едно лице да биде со оштетување од 10% или да биде со 50% и повеќе. Сигурно на она лице со 10% не му е потребно посебно лице кое треба да му помага во процесот на производството, додека кај она со оштетување повеќе од 50% најверојатно е потребна помош од друго лице, при што организацијата е ставена во состојба на поголемо оптоварување во работната сила.

Исто така, сметам за потребно да укажам и на претпоследниот став на член 9, при што и тука мора да се прави одредена разлика, а се работи за лицата кои треба да бидат вработени со виша и висока стручна подготовка, мислам дека ослободувањето треба да трае најмалку две години, а лицата кои ќе бидат вработени како неквалификувани општи работници работната организација да не биде ослободена воопшто. Тука постојат одре"дени аргументи и мислам дека нема место за едно посебно образложение.

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници.

Би сакал да дадам некои забелешки на Предлог-законот за добивка.

Нашата определба кон градење на пазарното стопанство бара напуштање на досегашниот стопански систем кој не доведе во длабока економска криза.

Пазарното стопанство, а тоа е определба на макро- економската политика на Владата бара воведување на финансиски систем кој е иманентен на пазарното стопанство.

Основен инструмент на тој финансиски систем е данокот на добивка, кој во себе треба да содржи две компоненти: финансиска и економска.

Секој закон од оваа област мора да поаѓа од предните претпоставки, односно напуштање на досегашниот систем и воведување на нов. Што е практиката до сега?

По инерција или други причини досегашните предлози на закони од Владата имаат едно основно обележје што во нив има континуитет односно се препишуваат законите од досегашниот систем, кој сакаме да го напуштиме. Причините кои се дадени во Предлогот за донесување на законот според предлагачот се:

Прво, донесување на овој закон е потребно, бидејќи старото Собрание го разгледуваше, па сега треба и ова Собрание да го разгледува.

Второ, преземање на одредени решенија од сега важечкиот Закон за данокот од доход.

Господа пратеници,

Во досегашниот наш економски стопански систем основен финансиски резултат беше доходот, категорија на трудовата теорија и концептот на економското уредување кој неповратно го напуштивме. Тој финансиски резултат, доходот како основица за оданочување придонесе енормно оптоварување на стопанството кое^ стопанството тешко го поднесува. Според тоа, доходот како основица за оданочуваше треба дефинитивно да го напуштиме и тоа не само формално, туку и суштински.

Појдовните основи врз основа на кои е конципиран овој закон напротив, не поаѓа од тоа, туку од доходот како основен финансиски резултат. Овој Предлог на закон е правен на следниот начин:

Прво, земени се досегашните стапки од данокот на доход и

Второ, проектираниот доход е намален за платите и е добиена нова основица за добивка.

За процентот на намалувањето на доходот зголемени се стапките што значи, Владата ни нуди потполно ист закон, закон од данок на доход, но со нов закон. Според тоа, тој нов стар закон во суштина не носи ништо ново, односно не нуди нов фискален инструмент како го посакуваме, односно фискален инструмент кој би одговарал на пазарното стопанство кое сакаме да го изградиме.

Централно прашаше за ~овој закон е уредување на добивката како основица на стапките и даночните ослободувања, односно олеснувања. Во пазарните стопанства на Запад, во претпријатијата се прават два биланси и тоа:

1. Биланс на успехот за потребите на претпријатието и

2. Даночен биланс на успехот за потребите на државата.

Билансот на успехот за потребите на претпријатието овозможува да се води политика на утврдување на финансискиот резултат, односно добивка. Тоа значи на претпријатието му е дозволено во одре дени рамки и стандарди самостојно да ги утврдува приходите и расходите и добивката. Меѓутоа, при составување на даночниот биланс на успехот се пропишани сите мерила за утврдување на приходите и расходите од коине може да се отстапува, односно кои претпријатијата мора да ги применат. Тоа се прави со цел да не се одбегне оданочувањето на добивката. Дали од тие правила поаѓа овој закон?Не. Со постојниот закон за сметководство, на претпријатието му е дозволено во одредени рамки, самостојно да ја утврдува големината на вкупните приходи и вкупните расходи, а тоа значи и добивката.

Ако се прифатат овие решенија на Законот за сметководство, со овој закон може во практиката да се случи ни едно претпријатие да не плаќа данок на добивка. Затоа Законот треба јасно и прецизно да пропише:

Прво, начинот на утврдување на расходите по основ на репроматеријалите;

второ, начинот на утврдување на потрошокот амортизацијата и основните средства;

трето, начинот на утврдување на цената на трудот како ресурс и

четврто, начинот на остварување на приходите.

Ако сите претпријатија приходите и расходите ги утврдуваат според одредбите на овој закон, во тој случај во праксата би се спречиле можностите за прикривање на добивката, односно одбегнување на

плаќањето данок на доход. Според тоа, во Законот мора јасно и прецизно да се пропише начинот на утврдување на големината на горните приходи и расходи при пресметка на Законот за добивка.

Стапките на данокот на добивка во принцип треба да бидат пропорционални, односно во најголем случај 90% што треба да биде единствено за сите даночни обврзници. Тие^можат да бидат помали само за оние претпријатија за кои Републиката има посебен интерес, но тие се сигурно малку на број.

Даночните ослободувања мора да бидат прецизни и да се однесуваат само на одредени претпријатија или дејности за кои Републиката има посебен интерес.

Зголемувањето на аконтациите во принцип е директно спротив- но со содржината на овој закон. Ако аконтациите се зголемат со индексот на цените на мало, односно е инфлација. Таквите решенија се во функција на инфлацијата.

Сметаме дека овој закон^не е иманентен за пазарното стопанисуваше, не поаѓа од фактичките состојби на стопанството и тој треба да се преработи или да се врати на ова Собрание.

(Со седницата продолжи да раководи Тито Петковски, потпретседател на Собранието).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за данокот од добивката.

2. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, како и забелешките на пратениците Тодор Петров и Симеон Наумовски, а се разбира и ова што беше сугерирано денеска од господинот Темелковски.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на Комисија за стопанство, Комисија за финансирање и буџет, Комисија за економска политика и развој, Законодавно- правната комисија и забелешките на пратениците Тодор Петров и Симеон Наумовски да се доставaт до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање ? (два).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на **четвртата точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на царински закон.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисија за финансирање и буџет, Законодавно- правната комисија, Комисија за стопанство, Комисија за економска политика и развој и забелешките на пратеникот Зоран Крстевски, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Веднаш да кажам дека го прифаќам предлогот за донесување на царинскиот закон само сакам да укажам на некои моменти кои ми беа укажани дека се направени одредени пропусти при донесувањето на законот за царинската управа, па заради тоа само да ги спомнам.

Неодамна бев на царина во Ќафасан и во разговор со цариниците ми укажаа нешто, па затоа сакам тоа да служи како придонес при составувањето на царинскиот закон за да не се прават такви пропусти.

Од страна на цариниците се става забелешка дека при донесувањето на законот за царинската управа, барем по нивно мислење, воопшто не се консултирани царинските органи од подрачјето на Републиката заради што има одредени пропусти. Па, за да се нема такви пропусти сакам да укажам во донесувањето на Предлогот односно Нацртот на законот да се надминат таквите пропусти како не би дошло до вакви состојби.

Исто така цариниците од спомнатата единица на споменатиот премин имаат забелешки во врска со исплатата на личните доходи. Кога се донесуваше законот јас не се носев со таква идеја во "случајот при дОнесувањето на законот за царинската управа дека се ставени во нерамноправна положба со другите царини, односно управи на царини од бивша Југославија, па да не би доаѓало до такви состојби мислам дека треба да се користат и нивните мислења да донесеме закон што ќе биде општо прифатлив за сите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој) .

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Царинскиот закон.

2. Собранието ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратениците Зоран Крстевски и ова што го • спомна господинот Ајдарага.

3. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да преземе мерки за физичко обезбедување на државната граница на Република Македонија и спрема Република Србија, како и да ги определи граничните премини спрема оваа Република.

4. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисија за економска политика и развој, Комисија за стопанство, Комисија за финансирање и буџет, Законодавно- правната комисија, забелешките на пратеникот Зоран Крстевски и укажувањата на Стопанската комора на Македонија да се доставaт до Владата на Република Македонија и Министерството за односи со странство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Два).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на **петтата точка** - Предлог за донесување на закон за концесија.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисија за стопанство, Комисија за економска политика и развој, Законодавно правната комисија и Комисија за финансирање и буџет и забелешките на пратеникот Тодор Петров, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Симеон Ивановски.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, само два-три 'збора, мислам дека има потреба од донесување на таков закон, тоа" беше оценето и во работата на комисиите, но би сакал да укажам дека таму беше дискутирано дека има одредени дилеми, па би ги истакнал овде, па во фаза на подготвување на Предлогот на закон да се имаат предвид.

Прво, рокот кој се предвидува во овој закон одобрение да се дава на 20 години, прво за мене е деликатно дали треба да стои рок за кој би се добивало одобрение виза- ви она што значи добро од општ интерес поготово минералните богатства, а доколку се оцени дека има потреба од таков рок, сметам дека тој треба да биде многу подолг бидејќи за 20 години практично карактерот на ваквите претпријатија за десетина години се вршат истражувања, па десетина години се врши отворање и разработка, односно изградба на објектите, така што мислам дека 20 години не би можел да се применува за сите објекти, за. некои можеби може, но за некој тој временски период би требало да биде подолг.

Понатаму што би сакал да кажам дека овој Предлог за донесување на закон никаде не се спомнати досегашните претпријатија кои се бават со таква дејност, односно досегашните одобренија на таквите претпријатија кои имаат траен карактер. Сметам дека во обработката на Предлогот на законот треба да најде свое место. за да ја знаеме нивната судбина, бидејќи некои водејќи се по она што досега имаа трајно одберениве така ја воделе политиката, вложувале средства, истражувале, барале векот на нивните претпријатија да биде што подолг, а овој закон асоцира на нешто

друго, па го молам предлагачот и обработувачот во натамошната разработка да го имаат и тоа предвид.

Што се однесува до одредени формулации во текстот кои не се доволно прецизни, сметам дека во Предлогот на законот ќе бидат подефинирани и расчистени, бидејќи има двосмислено толкување, но бидејќи е Предлог за донесување на закон мислам дека може како таков да се прифати.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, би кажал некои мои видувања во врска со Законот. Да кажам и тоа дека македонската држава како носител на суверeното право да ги искористува природните богатства, односно добрата на својата територија е исклучиво овластена да ги извршува овие активности кои се однесуваат во врска со донесувањето на самиот закон за концесија.

Да нагласам дека денеска уште во првите одредби на Законот не прави разлика помеѓу природните богатства кои се обновуваат и природните богатства кои можат да се обновуваат и согласно членот 56 став 1 од Уставот на Република Македонија ги определува како добра од "општ интерес. Мислам дека треба да стои едно разграничување во врска со давањето на концесиите на природните добра кои не се обновуваат-.

Исто така согласно членот 6 кој го нуди Законот каде го уредува прашањето каде ќе бидат користени средствата добиени од концесиите за развој на Републиката, сметам дека тоа прашање треба да биде попрецизно уредено и стекнатите средства од давањето на концесиите да се определи фонд или сметка кад^ ќе"се собираат тие средства за да може македонската држава да има контрола над тие средства.

Исто така мои забележувања се во врска со текнувањето на концесиите, за лицитацијата, Законот не го уредува прашањето на давањето на иницијатива, туку тоа прашање му го остава на Владата сама да доделува концесии, сама да покренува иницијативи за давање на концесии, па мој предлог е тоа давање на иницијатива за концесии да можат да дадат и странски лица кои се заинтересирани за добивање на концесии,"па и пратеници од Парламентот, како што е уредено во Законот на Босна и Херцеговина за давање на концесиите.

Исто така мое размислување е дали на оние материјални добра од општ интерес кои не се обновуваат, дали тоа право исклучиво да го дадеме на Владата или Владата да бара претходна согласност од Парламентот за давањето на таквите концесии.

Исто да нагласам дека во членот 13 од Законот се предвидува во случај на давање на концесии на понуда, сметам дека тоа право треба да биде само во исклучителни случаеви кога нема да успее јавното наддавање на понудите.

Мое забележување е и на членот 18 каде се определува пред склучувањето на концесискиот договор мора да се решат имотно- правните прашања сврзани со недвижноста" за кои се дава концесија. Мислам дека за тоа е веќе доцна за регулирање, тоа претходно треба да се регулира уште со давањето на јавно наддавање на концесијата каде Владата треба да побара мислење од надлежното министерство за рационално користење на концесијата, да побара мислење од Министерството за финансии дали се исплаќа таа концесија и

Трето прашање заради настанувањето на штетни последици од претходно неуредената материја и заради штитење на самиот углед на Република Македонија во врска со давањето на таа концесија.

Исто мое забележување е на членот 23 последниот став каде се кажува за присилниот откуп на концесијата се применуваат одредбите од прописите за експропријација, па во таа смисла дали не е подобро да се уреди прашањето дали во таа насока со завршувањето на концесијата вложениот имот на оној кој го вложил да биде во сопственост на Република Македонија.

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Сметам дека има потреба од донесување на закон за концесија и Комисија за стопанство тука немаше дилема, но во секој случај, бидејќи Законот ги уредува односите за давање на добра од општ интерес во концесија, би требало со материјалните закони кои ќе го следат овој закон поблиску да се уредат и односите за давањето на концесија.

Претходниот дискутант зборуваше во поглед на правата кои се стекнуваат со концесијата, а јас, покрај забелешките што ги дадовме на Комисија за стопанство, ќе искажам едно свое мислење во однос на членот 24 каде се одземаат правата од концесија и сметам дека ставот 3 од членот 24 не би требало, кога ќе биде предложен законот да биде вграден од причина што создава одредена дилема поради тоа што концесијата се дава на 2-0 години, како е предложено во законот, а Комисија за стопанство предложи тој рок да биде над 20 односно 40 години каде што концесионерот има можност на одреден начин за своите вложувања да има поголема гаранција за ефектите од тоа вложување, па оттука во членот 24 став 3 каде што се предвидува, односно се предлага во јавен интерес е да престане вршењето на концесионата дејност, односно поблиските услови за одземање на концесијата се определуваат во концесивниот договор.

Сметам дека овој став 3 треба да отпадне од причина што уште на почетокот создава одредена несигурност кај вложувачот дали тој јавен интерес нема да биде пројавен по десеттата година за одредено добро. Така што сметам дека не би требало во законот да има одредена дилема за самите вложувачи.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, овој е еден од законите со кој што се обидуваме да создадеме услови за тоа Македонија да стане поинтересно подрачје за доаѓање на странски капитал и од тој аспект е мошне значаен. Се разбира странскиот капитал ќе доаѓа или нема да доаѓа во Македонија не само во зависност од законите што ќе ги донесеме конкретно што ќе се однесуваат на условите на странските партнери, туку ќе зависи и од тоа колку вкупната економска и политичка ситуација ќе ја средиме во Македонија. Меѓутоа, како еден од каменчињата во мозаикот што ќе ја направат Македонија поинтересна за странскиот капитал секако спаѓа и овој закон. Ние го разгледувавме на Комисија, јас изнесов таму некои свои забелешки и сега би сакал сепак да повторам нешто од тоа сметајќи дека овој закон вака како што е понуден во основа сеуште нема разрешено неколку важни прашања и во врска со тоа треба да се размисли дали треба да го поддржиме овој закон на оваа седница, макар и во оваа фаза како што се нуди, како предлог за донесување, или "пак да се врати на доработка откако ќе расчисти неколку од овие прашања кои што сакам да ги спомнам. За мене всушност четири пратања се битни во врска со овој закон кои што бараат јасна определба.

Првото прашање е дали овој закон ќе ги посочи објектите што ќе бидат давани под концесија сега во овој закон, или пак ќе поддржиме пристап како што се определува законот да донесеме некој начелен закон, но потоа со секој одделен закон посебен да се носи за секој објект што ќе се издава под концесија. Законот се определува за ова второво решение и во врска со тоа треба да се размислува уште еднаш добро. Предноста на решението вака како што е понудено да не се определува за тоа кои објекти

ќе се даваат под концесија сега, односно согласност за тоа дава истовремено, значи Собранието ако така се пристапи е во тоа што Владата и Собранието си задржуваат извесно време со кое што си обезбедуваат можност да бидат малку претпазливи, па да одлучува за секоја конкретна прилика Собранието тогаш на предлог на Владата за кој објект ќе се издава концесија. Значи, сега ништо не одлучува, туку расправата ќе почнува допрва по секој поединечен закон кој што ќе се издава во врска со објектот што ќе се издава под концесија. Значи, претпазливоста ја вградува во ваквиот пристап. Тоа може да биде предност; Но, што е негативно во врска со ваквиот пристап? Негативно е што ние ќе донесеме закон за концесија, тој закон за концесија странците ќе го прочитаат и откако ќе го прочитаат тие пак не знаат каде македонската држава дава концесија, а каде не дава, односно немаат веднаш можност да пристапат кон подготвување на понуда за да можат да се пријават за објекти кои што ќе бидат издавани под концесија. Значи со законот не создаваме веднапг привлечност за странскиот партнер, веднаш тој да знае каде може да вложи капитал во Македонија. Тоа е голема негативност во овој закон. Оттука мојот пристап е сепак, Владата да размисли уште еднаш и да понуди закон во кој што ќе каже кои области се слободни, за објектите од тие области слободни за издавање под концесија,а кои не се. Се разбира дека тоа не е така едноставно, но, затоа има и светско искуство, можат да се проверат тие решенија. Во спротивност овој закон ако го донесеме вака не е привлечен, а во секоја прилика ќе мораме да донесуваме посебни закони. Тоа е едната сериозна забелешка: во врска со овој закон.

Втората забелешка е рокот на издавањето на концесијата. Во законот има предвидено најмногу 20 години. Светското искуство говори дека кога се работи за прашањето на концесиите дека постојат многу подолги рокови, постојат и до 99 години зависи од карактерот на концесијата. Според тоа, постои еден минимален рок кој што исто така за одредени дејности за одредени области, за одредени објекти нема да биде интересен за странските вложувачи. Тоа прашање исто така е целосно отворено во врска со овој закон и треба да се размисли повторно врз основа на емпиријата на која што можеме да се потпреме користејќи го туѓото искуство, бидејќи сопствено немаме.

Третото прашање е правната сигурност. Ние мораме да бидеме држава која што нуди правна сигурност за домашни и за странски партнери подеднакво.

Во член 24 алинеја 2 има една одредба која што вели дека концесијата може да биде одземена, прекината доколку надлежните органи на Република Македонија оценат дека тоа не е во јавен интерес. Меѓутоа, ние прво оценуваме дали е во јавен интерес да се даде одредена концесија. И сега замислете ако ние оцениме како Собрание, како Влада дека нештото е во јавен интерес да биде издадено под концесија, а потоа по година дена две години, или три се премислиме и кажеме , е сега не е тоа веќе од јавен интерес, а кога се работи за објекти под концесија се работи за огромни капитали. Ниту еден странец под таков услов нема да вложи капитал. Се обмислува тогаш кога се дава концесијата, џ од кога ќе се даде, тоа се другите услови во законот кои што се набележани под кои услови може да престане концесијата, да биде прекината. Таму има неколку одредби и тие се прифатливи. Се разбира ќе се склучува договор, па договорните страни ќе напишат во кои услови се откажува договорот и слично на тоа.

Но, ваква одредба каква што сега постои, тоа е алинеја 2 во член 24 не може да постои бидејќи автоматски нуди правна несигурност за партнерите од надвор^Тоа се неколку забелешки што сакав да ги кажам, а мислам дека се битни и ми се чини дека треба уште еднаш добро да се размисли, не треба да се брза со овој закон пред да го усвоиме ние во Парламентот, или пред да му дадеме некој поинтензивен тек на усвојуваше во рамкиТе на процедурата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Пред се да прашам господинот Гошев имаше еден предлог овде дали е целисходно во оваа фаза да се оди со одлагање на законот, или Владата да го пушти во процедура и да се имаат во вид сите овие укажувања.

Го предлагам следниот Заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за концесија.

Второ, Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има во предвиД мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на*Собранието, забелешките на пратеникот Тодор Петров и забелешките на учесниците во денешната расправа.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство, Комисијата за финансирање и буџет Законодавно- правната комисија и забелешките на пратеникот Тодор Петров и забелешките во денешнава расправа да се доставаат до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за овој предложен заклучок,молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника)

Констатирам дека Собранието го .усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 6** - Предлог за донесување на закон за хартии од вредност.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисија за финансирање и буџет, Комисија за стопанство, Комисија за економска политика и развој и Законодавно- правната комисија. Ви се доставени односно поделени. Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Само една забелешка врз .основа на правната регулатива што сака да ја даде, поточно на членот 43 ставот 3 каде вели: решението од став 1 на овој член е конечно. Против него може да се води управен спор. Согласно на член 15 од Уставот на Република Македонија не ја спазува постапката, не му дава право на жалба, туку не ја спазува двостепноста на постапката која што ја нуди. Мислам дека и во другите членови каде се упатува на правниот лек е спротивно на членот 15 од Уставот на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за хартии од вредност.

Второ, Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и на денешнава расправа.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на Комисија за стопанство, Комисија за економска политика и развој, Комисија за финансирање и буџет и Законодавно- правната комисија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок. -

Минуваме на **точка 7** - Предлог за донесување на закон за банките и другите финансиски организации.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисија за стопанство, Комисија за финансираше и буџет, Комисија за економска политика и развој и Законодавно- правната комисија и забелешките на пратеникот Тодор Петров ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ХАМИД АЛИУ:**

Почитувани пратеници, овој е еден од најважните закони што и пред малку го усвоивме законот за странски вложувања и Комисија за стопанство

е на мислење да се донесе еден ваков закон и покрај некои работи што Законот не ги опфаќа, како што не е искористено до крај искуството од развиените земји со банкарско искуство условите да бидат полиберални за банките како што е 15 милиони марки а другите финансиски организации да се намали ^вој износ, да заживее банкарскиот систем во услови на пазарно стопанство, да се врати изгубената доверба на банките кај граѓаните за да се мобилизира капиталот. Меѓутоа, на законот му недостига концентрација на банките, универзалност на системот на банките,сравнувањето на банкарскиот систем со индустрискиот капитал. Во законот воопшто не се наведени помошните финансиски организации како што се клириншките куќи, берзите, друштвата за пласирање на капиталот и друго. И на крајот би сакал соодветното министерство да ми објасни што е компатибилноста на овој предлог закон со закон за трансформација на капиталот кој треба ова Собрание да го има во дневниот ред.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, Комисија за финансирање и буџет го разгледа Предлогот .за донесување на закон за банките и другите финансиски организации и меѓу другото констатира дека има потреба од донесување на закон за банките и другите финансиски организации. Понатаму во начелната расправа по Предлогот беше изнесено мислењето дека постојните решенија во Законот за банките се во одредена смисла и подобри и нудат поцелосни решенија во областа на банкарскиот систем. Заради тоа беше изнесено и мислењето дека е поцелисходно во оваа фаза да се донесе Републички закон со соодветно пренесување на одредени решенија од сојузниот закон а за наредниот период да се понуди закон со решенија кои ќе одговараат на ново настанатите услови на пазарот и вкупните односи на Републиката во оваа област.

Исто така, во расправата се укажа и на тоа дека овој закон има слабости во однос на организацијата и функционирањето на банките при што посебно е истакнато прашањето на платниот промет кој според изнесените мислења во Комисија треба да се обавуваат во деловните банки.. Во оваа смисла се укажува дека е потребно едновремено со донесувањето на овој закон да ее донесе и Законот за платниот промет и финансиската контрола ко'ј што и така е предвиден со Предлогот- програма за работа на Собранието.

Понатаму се изнесе и мислењето дека со Законот треба да се создадат услови за основање на што поголем број финансиски организации кои ќе бидат во' функција на успешното работење и развојот дна стопанството при што се врши елиминирање на интерното банкарство согласно новите односи на пазарното стопанисување, се со цел стопанството да се ослободи од обавувањето на банкарските работи. Во расправата се укажа исто така во предложеното решение за основачкиот влог дека треба попрецизно да се утврди и да се прецизира дека утврдениот цензус се однесува само на паричните средства-. Конкретни забелешки, предлози и мислења имаше по одредени членови кои што ги имате во извештајот.

Понатаму во расправата е изнесено и мислењето и поодделни предлози, а имајќи го во предвид значењето на овој закон во Комисија се оцени дека има потреба од пошироко вклучување и учество на стручни и научни лица од областа на банкарското работење како и други заинтересирани субјекти во изговувањето на овој закон што неминовно треба да се направат соодветни консултации во понатамошниот тек на расправата по овој закон.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи е прва фаза за донесување на законот, моја основна забелешка е во врска со утврдувањето на органите на управувањето на оние стопански субјекти кои се предвидени со Законот, тоа е банката Поштенската штедилница, и мислам дека има едно непотребно повторување на опишувањето на овластувањето и ингеренциите на органите. Тоа е Собранието, Управниот одбор и индивидуалниот работоводен орган. Сметам дека тоа како што го прават и другите закони може да биде систематизирано и направено уште со првите овластувања дадени на самите органи на Банката. Исто така една моја забелешка на членот 8 каде кажува дека основачкиот одбор на банката е должен да достави до Народна банка на Македонија доказ дека банката го исполнува условот од член 5 став 2 на овој закон, предлог актите од член 6 став 2 на овој закон како и друга документација што ја утврдува Народна банка на Македонија. Тоа е добро, но, не го почитуваме правото убијус ибере медиум, или таму каде се дава право мора да се дава и правна заштита за да некој не се доведе во состојба да ги исполнува условите, а да не му биде дадено правото, а тоа право не може да го остварува по правен пат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг. бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за банките и другите финансиски организации.

Второ, Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги

има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, забелешките на пратеникот Тодор Петров и мислењата искажани во денешната расправа.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на Комисија за стопанство, Комисија за економска политика и развој, Комисија за финансирање и буџет и Законодавно- правната комисија и забелешките' на пратеникот Тодор Петров во писмена форма и на учесниците во денешнава расправа да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам»да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 8** - Нацрт на закон за јавното обвинителство.

Нацртот на законот и извештаите на Комисија за внатрешна . .политика, Комисија за општествено- политички систем и Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува Нацрт-законот за јавното обвинителство заедно со предлозите содржани во извештаи' на работните тела на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Собранието констатира дека решението што се предлагаат со Нацрт-законот се дека со Нацрт-законот се уредени организацијата и надлежноста на јавните обвинителства, се определува нивното подрачје и седиште, како и се уредуваат условите и постапката за именување и разрешување на јавни обвинители.

Второ, Собранието на РМ го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието на РМ да му достави предлог на закон за Јавното обвинителство при што да ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела на Собранието на РМ.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за внатрешна политика и ОНО и Комисија за општествено- политички систем и ЗПК да се достави до Владата на РМ и Министерството за правосудство и управа.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 9** - <u>Нацрт-закон за адвокатурата. Нацрт-законот и извештаите на Комисија за внатрешна политика и ОНО, Комисија за општествено- политички систем и ЗПК ви се доставени односно поделени.</u>

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Неим Селмани.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Со овој закон мислам дека уште една уставна обврска ќе се заврши односно адвокатурата ќе си го добие своето место. Меѓутоа, молбата моја е, пред вас се наоѓа уште едно бараше од Адвокатската комора на Македонија која предлага во член 9 од нацрт-^законот за адвокатурата лицата кој извршувале функција во правосудните органи и органите на управата по истекот на престанокот на работниот однос работниот односно да немаат право таа функција да ја извршуваат за две години, со оглед што тоа не е поврзано со законот односно адвокатурата и функцијата што ја вршеле до тогаш. Молбата е во тоа да се усвои тоа што две години да немаат право да го обавуваат односно да бидат упишани во регистрите на Адвокатската комора на Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ го усвојува Нацртот на законот за адвокатурата заедно со мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела на Собранието на РМ.

Собранието констатира дека со решенијата што се предлагаат со нацрт-законот се уредува со давањето правна помош од страна на адвокатите на физички и правни лица во заштитата на нивните права и врз законот заснованите интереси во постапката пред судовите, другите органи и правни лица, како и се уредува организацијата на адвокатурата и правата и обврските на адвокатите.

2. Собранието на РМ го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието на РМ да му достави предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела на Собранието на РМ, како и предлозите содржани во текстот на нацртот на законот поднесени од пратеникот Драги Гроздановски и од мислењата искажани во денешната расправа.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисија за општествено-политички систем, Комисија за внатрешна политика и ОНО, ЗПК и предлозите на пратеникот Драги Гроздановски и на господинот Селмани да се достават до Владата на РМ и до Министерството за правосудство и управа.

Кој е за предложениот молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 10 -** Нацрт на закон за судовите. Нацрт на законот и извештаите на Комисија за внатрешна" политика и. ОНО, Комисија за општествено- политички систем и ЗПК, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, имам свое размислување односно забелешки~во врска со овој закон и тоа на два члена.

Во член 33 став 1, покрај условите што треба кандидатот да ги исполнува за вршење на својата функција, судска, ставено е како услов и "кој ужива углед за вршење на судскас функција". Сметам дека оваа одредба е^сосема идеолошка и воопшто не ми е разбирлива намерата н§. оваа формулација. Нејзината примена би била утопија со оглед на фактот што не ќе може да се изнајдат критериуми за оценка на тоа кој судија и кога би уживал углед во вршењето на судската функција. Од друга страна оваа формулација би вршела поделба на кандидати кој доаѓаат од судот и оние кои за прв пат доаѓаат во судот, надвор од него. Има многу негативни епитети кој можат да се врзат за оваа формулација, па сметам дека таа во пракса би можела да генерира само негативности, поради што сметам дека е неодржлива.

Во член 35 од законот е кажано дека претседател на суд се избираа под услови и во постапка пропишана за избор ан судија и тоа од редот на судиите на тој суд. Со оваа формулација се врши ограничување на избор на претседател во еден суд, само меѓу судиите на тој суд. Ако нејзината смисла е таква, сериозно поставувам прашање дали оваа одредба нема дискриминаторски карактер. Која би била оправданоста да не може во еден суд да се избере кандидат надвор од тој -суд, а претходно работел во друг суд, се докажал како стручњак, а можеби и како раководител на друг суд или орган.

Ако замислете низ оваа формулација е таква да не се ограничува кандидатот и ако конкурира кандидатот од друг орган, прво да се избере за судија а притоа и за претседател сметам дека таквото решение е нерационално. Од овие причини сметам дека оваа формулација треба да се брише и да се овозможи за избор на претседател основен критериум е

да биде ако ги исполнуваат пропишаните услови само раководните квалитети и стручните квалитети, независно од каде доаѓа кандидатот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Проследувајќи ги одредбите на овој закон повеќе од очигледно е дека истиот до крај и по однос на одредени клучни прашања што се од витален интерес на примена на законот изградување на целосниот правосуден систем не дал вистински правни решенија. Поради тоа, потребно е да се ^каже и да се понудат правни решенија, презентирани со нови одредби со кои квалитетно ќе се подобри текстот и воедно, што е поважно ќе се почитуваат темелните вредности на уставниот поредок во Република Македонија, организирање на државната власт во чии сегменти е и судската власт, а пред се ќе се почитува и заштитата на основните слободи и права на човекот и граѓанинот во македонското општество и тоа во сферата на судската власт како една од трите државни власт, законодавна, извршна и судска.

Во Владата под наслов "Основни одредби на наведениот закон", не се регулирани две мошне значајни прашања, а тоа се прво дефинирањето на судот, поточно речено која власт ќе претставува судот/а следствено на тоа дали е орган на државата или на друга организација во општеството и второ финансирањето на судството не се издвојува од Буџетот на Републиката што практично значи дека се уште би живеел и делувал стариот систем на единствениот систем на власта така што средствата наменети за судството се ставаат под директно управување и контрола на државата, односно во случајов на Владата на Република  Македонија и

директно се нарушува принципот на поделбата на власта предвиден со член 8 став 1 алинеја 4, каде стои дека поделбата на државната власта на законодавна, извршна и судска е предвиден со Уставот на РМ.

Имено, во член 2 од постојниот текст треба да се додаде нов став во кој ќе се дефинира положбата на судовите. Тој би гласел: "Судовите се државни органи кои ја претставуваат и ја вршат судската власт". Со ваква дефиниција би се обезбедил статутот на судот и што е мошне важно дека е тој самостоен и државен орган кој ја извршува само судската функција и тоа врз основа на Уставот и законите и ништо повеќе од тоа. Ваквата понудена одредба дава гаранција дека законски правно и практично се почитува и оживотворува уставниот принцип на поделбата на власта што е темелен принцип на нашиот уставен поредок.

Во однос на второто прашање кое претходно е спомнато, неопходно е во целост да се почитува независноста на судството и во финансиска смисла, на буџетирањето. Тоа укажува на потребата дека судската власт нема да биде подредена на постанатите две државни власти, законодавната, односно на Парламентот и извршната односно на Владата. Тоа значи дека треба да има посебна стапка односно жиро сметка во Буџетот на Републиката од која ќесе финансира судската функција и сите потреби за нормално квалитетно и ажурно функционирање на целокупниот судски систем од судовите од понизок степен па се до Врховниот суд на Македонија.

Со оглед на тоа дека во постојниот член 12 треба да се додаде став 2 со кој ќе се каже за начинот на финансирањето на судството, таа потреба

би гласела: "Средствата за финансирање на судовите се обезбедуваат од посебна жиро сметка на Буџетот на Републиката"

За да се почитува докрај и истовремено да се обезбеди независно судство и во центарот на ангажирањето на спроведување на судската' функција, независен судија во одлучувањето и во пресудувањето, нужно е во глава 4судии и судски поротници а особено во член 38 да дојде до измена на одредбата. Измената би била во правец на проширување на судот на лицата кои не можат да ја вршат судската функција во својство на Судија или судија поротник.

Покрај претседателот и судијата во судот како лице кое не може да биде избрано за судија или судија- поротник би биле и обвинителот, неговиот заменик и адвокатот. Ова до толку повеќе што во секојдневната практика има случаеви членови од исто потесно семејство во исто време извршуваат функција на судија обвинител, заменик обвинител, адвокат па сури и некои министри, заменици министри итн. Тоа непосредно се коси со принципите за независно и совесно судење и се става во фокусот на реално сомневање за незаконито и пристрасно судење на штета на граѓаните.

Споменатата околност е нужен квалитатив за измена на член 38 од нацрт -законот и при тоа тој би требало да гласи: "За судија или судија-поротник не може да биде избрано лице кое на претседателот и на судија во судот, на обвинителот или на неговиот заменик или на адвокатот му е брачен другар или е во сродство од прва линија или во странична линија од втор степен". Со оваа одредба се обезбедуваат основните принципи за независен судија и судство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи е нацрт на закон би кажал некои мои размислувања и видувања на други стручњаци во врска со организацијата на судовите.

Би спомнал во врска со стопанските судови како специјализирани судови, постојат скоро 40 години и до сега тие го поднесувале најголемиот терет решавајќи најголем број предмети почнувајќи од регистрации стопански спорови, управно сметководствени спорови, стечајни и извршни предмети. Тие располагаат со стручни и искусни кадри кои во иднина успешно ќе се носат со предметите кои се очекуваат да настанат со донесувањето на системските закони за работа на претпријатијата во услови на пазарна економија, вклучувајќи ги европските текови на конкуренцијата, на трансформацијата на капиталот и споровите помеѓу домашните и странските правни лица.

Во настанатите тешки услови на стопанисување кои го следат нашето стопанство, при енормен прилив на предмети со вонредно залагање, овие судови решавале толкава број на предмети кои три пати ја надминувале ориентационата норма, што зборува дека тие биле ефикасни.

Со стабилизирањето на политичката состојба и подобрувањето на условите за работа во претпријатијата, со јакнењето на деловниот морал и подобри гаранции за подмирување на обврските ќе останат за решавање само вистинските стопански спорови кои ќе бидат помалубројни но посложени за решавање, а тогаш пак овие судови тогаш ќе бидат поажурни, ќе останат за решавање само вистинските стопански спорови кои ќе бидат

помалубројни но посложени за решавање, а пак тогаш овие судови ќе бидат и ажурни.

Нашата држава и стопанство во сегашна политичка и економска состојба имаат најголема потреба од заштита во споровите со меѓународен елемент кој единствено може да му ја пружат оние судови кои со својата работа се ефикасни во странство. Вакви судови постојат во сите републики од поранешна Југославија освен во Словенија, с трговски судови или арбитражи постојат во 17 европски држави што се гледа од приложениот преглед: во Белгија трговски и работни судови^ во Австрија трговски и работни судови"; Данска трговски и поморски работни судови; Финска управни судови како посебни судови; Франција трговски судови, Грција сметководствени судови, Холандија даночни, чиновнички и социјални судови; Индија даночни, аграрни и работни судови; Либерија даночни работни трговски; Луксембург трговски итн.

Со нацрт на законот на судовите се дава целокупна судска првостепена работа во надлежност на секој суд, било тој да е мал среден или голем и тоа од општа надлежност, од укинатите судови на здружен труд, воените судови и сега од стопанските судови. Со таква огромна надлежност ќе се создаде хаос и застој во работата на судовите, што ќе има штета и одраз врз стопанството врз работата на стопанството. Од тука предлагаме, бидејќи е нацрт на закон повторно да се разгледаат тие прашања и до колку се размисли и најде решение стопанските судови повторно да бидат како специјализирани судови.

**НАИМ СЕЛМАНИ:**

Свесни сме дека тоа е нацрт на закон и дека тој ќе оди на јавна расправа, од досегашната пракса јасно е дека претежно нацртите се усвојуваат, сосема малку имаат влијание овие сугестии за промена. Меѓутоа, исто така. сме свесни дека имаме нова реорганизација на правосудството што всушност така го и бараат модерните земји. Затоа мој предлог е, основните и вишите судови каде се предвидени во три пунктови и тоа виши суд во Штип, Битола и Скопје. На еден начин мислам дека Западна Македонија е запоставена, "а и во стариот Устав на Југославија односно на Македонија до 1963^-година Тетово беше околија каде беа опфатени Тетово, Гостивар и Кичево

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Па, предлагам во вишите судови, со оглед дека е и таква потребата на граѓаните да постои еден таков виши суд во Тетово, кој би ги опфатил ^Гетово, Гостивар Дебар и Кичево. Мислам дека тоа е навистина потребно и заради стопанството, а и заради граѓаните кои што во полошката котлина има доволен број  и на барања и на странки а и на стопанството се разбира, за што предлагам во Извештајот на Собранието во јавната расправа да влезе и овој предлог, во член 18 каде се предвидува организацијата на вишите судови во Македонија.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господо. Го поддржувам предлогот на Туше Гошев околу стопанските судови, во Битола јас имаме еден краток разговор со некои судии од Стопанскиот суд, меѓутоа бидејќи таа струка и не ми е мене посебна област, тие имаа доставено материјал до министерството за правосудство, па се надевам дека ќе може на овој план нешто да преземат и да ја видат целисходноста на нивните барања, каде треба да се вклучат тие судови во наредниот период особено со донесувањето на овој закон.

**ТОДОСИЈЕ ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Мислам дека е потребно да се донесе ваков закон. Во нацртот мислам дека се прилично добро дадени основите, меѓутоа имам три мали забелешки, со што сметам дека треба да се дополни нацртот.

Прво, воведување на суд во Валандово и Македонски Брод. Јас имам дадено порано амандман, меѓутоа гледам дека не е прифатен во нацртот, но сметам дека би требало заради трошоците и воопшто за опкружување на општината и тие органи ќе биде поекономично, подобро тие органи да се имаат во општината.

Второ, околу изборот на судиите. По завршувањето на факултетот на правникот му треба пракса од три години за да полага судски испит, а потоа три години работен стаж за да биде примен во судот. Бидејќи судиите, според законот се избираат крајно, за повеќе години така да нема конкурси, објави постојано за да можат добрите правници да конкурираат и да се вработуваат во судот како судии. Мислам дека со тоа едно право се намалува на граѓаните правниците, и затоа мислам дека би требало да стои дека за Судија би можел да биде избран оној кој ќе положи судски испит и да има најмалку три години работно искуство. Тоа искуство може да биде и на друго место не само во судот. Тоа е првото што мислам дека треба да се исправи.

Второ, за изборот на претседателот на судот. Бидејќи досега беше на 4 години, а сега се предвидува на 6 години и некој кој бил добар судија и бил претседател на суд и е дојден заради заменик да биде во правосудство, во Окружниот суд заменик судија, заменик обвинител итн., на друга должност во Републиката, поради низа околности треба да се врати во истиот град назад. Во моментот има конкурс оглас, за претседател на судот, зошто да не може таквиот способен кој бил професор на факултет, или на било која должност, да се врати и да биде претседател на судот, затоа што во тој момент има конкурс и може да се пријави. Инаку, би требало да се пријави како судија, па од судија да -биде избран, но за. судија нема конкурс, туку само за претседател на суд. Сметам дека се обесправени граѓани, правници, интелектуалци, кои што со поголем успех ќе ја вршат таквата должност меѓутоа, не им е достапно таквото место. Мислам дека со тоа се деградирани таквите правници и дека не сме во право, па треба тоа да се исправи.

52

ОПШТИНСКИ СУД ДЕБАР
СУ бр. 0301-14/92
24.5.1992 год.
Д е б а р

ДО:
ГОСПОДИН ГАЗМЕНД АЈДАРАГА,
ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД
ПОДРАЧИЕТО НА ОПШТИНА ДЕБАР

ПРЕДМЕТ: Иницијатива за предлог за измена на
член 18 од Нацртот на законот за судовите.

Стручниот колегиум при Општинскиот суд во Дебар и јавниот обвинител во Дебар на заедничкиот состанок при разгледувањето на Нацртот на законот за судовите што треба да се усвои и е на дневен ред на седницата на собранието на Република Македонија на 15.5.1992 година има забелешки само по однос на определувањето на подрачијата на вишите судови, поради кое Ви се обраќаме со наша иницијатива да предложите пред Собранието на Република Македонија да се изврши измена во чл. 18 точ. 1 и 2 со тоа што во точка 1 ќе се брише Основниот суд Дебар, а во точка 2 да се дополни дека вишиот суд во Скопје е и за подрачието на Основниот суд Дебар.

Раководни причини за измена на чл. 18 од Нацрт на законот за судовите се следните: Општинскиот суд во Дебар од 1966 год. непрекинато е под подрачието на Окружниот суд во Скопје така да постои поврзаност и свртеност кон Окружниот суд Скопје.Во правецот према Скопје постојат задоволителен број на автобуски линии од Дебар до Скопје, додека во правец према Битола такви превозни можности се испод минимумот.Општината Дебар се граничи со дел од Општината Гостивар по Реката Радика (Горна и долна Река)така да на тоа население од Општина Гостивар е во непосредна близина до град Дебар каде што доаѓаат за свои потреби и со тоа се создаваат правни односи.

Стручниот колегиум при Општинскиот суд во Дебар и Општинскиот јавен обвинител сметаат дека постои ваков неподелен став и на населението од подрачието на Општината Дебар.

За Вашето завземање пред Собранието на Република Македонија изразуваме благодарност.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,
Тоде Бужаровски

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Газменд Ајдарага приложува дискусија

Молам дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на законот за судовите заедно со предлозите содржани во извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија.

Собранието констатира дека со решенијата што се предлагаат со Нацрт-законот се уредува организацијата и надлежноста на судовите, се определуваат нивните подрачја и седишта,"како и се уредуваат условите и постапката за избор и разрешување на судиите и судиите поротници.

2. Собранието на Република Македонија го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието на Република Македонија да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија и. искажувањата во денешната расправа

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисија за внатрешна политика " " и општонародна одбрана, Комисија за општествено- политички систем и Законодавно- правната комисија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правосудство и управа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 11** - Нацрт на закон за Републичкиот судски совет.

Нацртот на законот, извештаите на Комисија за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисија за општествено- политички систем и законодавно правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**БЛАГОЈА ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници.

Во членот 23 се вели Советот поведува постапка за утврдување на дисциплинската одговорност на судија кога постои основа за сомневање дека судијата извршил потешка дисциплинска повреда пропишана со закон што го прави недостоен за вршење на судската функција. Пред поведувањето на постапката од судијата ќе се побара да се изјасни за наводите на предлогот за воведување на постапка. Јас го молам господинот Ѓорѓи Наумов дали се работи за редакциска природа бидејќи се вели "до поведувањето на постапката постапувањето се остварува доверливо, без да се нарушува неговиот углед како судија", или се мисли до завршувањето на постапката.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа дека Републичкиот судски совет на Собранието на Република Македонија му предлага избори и разрешување на судии и утврдува предлог за разрешување во судската функција во случај утврдени со Уставот се наметнува природно и логично прашањето на кој начин се врши избор на судија. Поточно кажано кој се дава мислеше за работата на кандидатот за избор на судија. Постапката за изборот и мислењето за избор на судија е регулирано во член 12 во кој е наведено кои органи даваат мислење. Меѓу нив се спомнува и Министерството за правосудство и управа. Практично, ваквата одредба со давање на можност да даде мислење и спомнатото министерство законот го враќа на стариот принцип, на единствен систем на власт што е спротивно на Уставот на Република Македонија и на темелните вредности со кои се утврдува уставниот поредок по однос на поделбата на власта на Законодавна, извршна и судска.

Во конкретниот случај дел од Владата, а тоа е наведеното Министерство дава мислење за работата и за личноста кои не спаѓаат во нејзиниот домен на надлежности, а пак се однесува на судската власт. Тоа неминовно значи дека извршната односно административната власт директно се меша во судската "власт што е против уставен чин и дејност на споменатото министерство. Од таа причина потребно е да отпадне давањето на мислење на министерството за правосудство и управа.

Ваквата констатација се однесува и на член 22 од Нацртот на законот каде што е вон уставно и спротивно на уставот давање на мислење од страна на Министерството за избор и разрешуваше на судија. Тоа значи дека е таму треба да отпадне министерството за правосудство и управа кој како орган дава задолжително мислење.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас би кажал едно свое размислување во врска со членот 7 каде се утврдува дека Советот го сочинуваат 7 членови на советот кои ги избира Собранието на Република Македонија од редот на истакнати правници, од кои четворица од редот на судиите и тројца членови од адвокатурата науката и другите институции и дејности. Алтернатива му дава на членот 7 кон се додава став 2 кој што ќе гласи: "при изборот на членовите на Советот се обезбедува соодветна регионална и национална застапеност".

Мислам дека вака конструиран, направен членот 7 и алтернативата 7 е спротивна на членот 9 став 2 во врска со членот 23 и членот 54 став 3 од Уставот на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на законот за Републичкиот судски совет заедно со предлозите содржани во извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија.

Собранието констатира дека со решенијата што се предложени во Нацрт-законот се уредува организацијата на Републичкиот судски совет и остварувањето на работите од неговиот делокруг утврдени со Уставот.

2. Собранието на Република Македонија го задолжува .предлагачот да изготви и на Собранието на Република Македонија да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисија за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисија за општествено- политички систем и Законодавно- равната комисија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правосудство и управа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? /Пратениците креваат рака)

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 12** - Предлог за донесување на закон за данокот на промет на производи и услуги со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на законот со предлогот на закон и извештаите на Комисија за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство, Комисија за земјоделство и шумарство, и Законодавно-правната Комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?.

Има збор господинот Темелковски.

**ТОМЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со прогласувањето на, независноста и сувереноста на Република Македонија започна процесот на заокружување на стопанскиот систем со донесување на повеќе системски закони. Во такви услови нормално е системот на данокот на промет целосно да помине во надлежност на регулатива на републиката. Од тие причини Владата на Република Македонија подготви предлог на закон на данок на промет на

производи и услуги, меѓутоа читајќи го предлогот на законот се добива впечаток како да читате закон за привремени мерки на^данок на промет на производи и услуги. Имено, предлогот на законот за данокот на промет на производи и услуги претставува дословно препишување на одредбите од законот за привремени мерки за данок на промет на производи и услуги, кој како проврeмен закон беше донесен по скратена постапка. И набрзина со одредени недоследности и нереални прашања, доколку ги преземеме одредбите од Законот априори ги занемаруваме условите на стопанисување, кои ни малку не се исти со оние во минатата година.

Во макроекономската политика на Република Македонија, Владата се определи во текот на годината како втора фаза да биде воведен данокот на промет на дополнителна вредност, а не сегашниот еднофазен данок. Значи, треба да се создадат услови за изградување на еден коегзистентен систем на данок на промет. Меѓутоа, со ваква практика на Владата ни одблиску не сме за воведување на таков данок бидејќи и сегашните решенија се само решенија со кои се одговара на барањето да се заокружи стопанскиот систем со свој закон.

Во предлогот на законот Владата не нуди никакви нови решенија. Предметот на оданочување условните ослободувања, облигаторните ослободувања, начинот на пресметување и плаќање на аконтации на данок на промет на производи и услуги. Казнените одредби задржани се дури со истите парични износи и терифата на данокот на промет на производи и услуги и во ништо не се изменети. Единствено е извршено интеграција на стапките на основниот и посебниот данок на промет, што и нормално мораше да се направи бидејќи нема веќе поделба на данокот на основен, сојузен и посебен републички. Затоа, доколку правиме свој стопански систем со позајмени прописи можеме лесно да се обориме во сопствените стапици

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесуваше на закон за данок на промет на производи и услуги

Кој е за молам, да крене рака?(Пратениците креваат рака?

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.,

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака?

Пратениците креваат рака.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање (1).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 5 став 1 точка 3 и став 2 е член 6, став 1 и став 5 точка 2 и 3/ член 7 став 2 точка 2 и 5", член 14 став 1.точка 4, член 16 став 3, член 42 став 1 и 5; член 5 став 1 точка 5 и 6; член 6 став 1, 2 и 3; член б став 3 и 4/8 став 1 точка 1,2 и 4 и став 2, член 12 став 6, член 24 став 6л7и 8, член 33 став 2 и 3, член 34 став 3, член 36 став 2, член 42 став 7 и 8, член 44 став 4, член 45 став 3, член 49 став 2,3 и 4, член 50 став 2, член 54 став 4 и 5, член 56 став 2, член 59 став 1 точка 6; член 14 став 1 точка 4 и 5; член 14 став 1 точка 5; член 18 став 1 точка 8; член 19 став 1 точка 2 и 5; член 45 став 2; "член 54 став 5; член 55 став 1 точка 1,2,3,5 и 6 и член 55 став 2; член 57 став 1 и 2; член 58 став 1 и 2; член 59 став 1 и 2; член 60 став 1; член 62 став 1 и 2; член 63; член 67; став 1; член 68/ став 1; член 69; на тарифен број 1,2 и 5, а пратеникот Јован Манчевски поднесе амандман на член 28. став 4, со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот

- Пратеникот Јован Манчевски на седницата на Комисија за финансирање и буџет го повлече амандманот на член б став 6.

- Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 5 став 1, за бришење на точките 6 и 7; за бришење на член 8; член 14 став 1 точка 1 за додавање десет нови точки 2,3,4/5, 6,7,8,9,10 и 11; член 55 став 1 за бришење на точка 6; за бришење на член 64; за бришење на член 66; на тарифен број 6 став 1 алинеја 1 точка 2 и 3, алинеја 2 точка 3,6,12 и 13 и на точка 4 од забелешките на тарифниот број 8 став 1 точка 1 алине ј а 1,3,4 и 6 и на точките 1 и 2 од забелешките и£а промена на редоследот на точките 3,4,5,6,7 и а"пратеникот Јован Манчевски поднесе амандман на член 6 точка 2, со кои не се согласил претставникот на предлагачот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 за бришење на точките 6 и 7 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со амандманот за бришење на точките^ 6 и 7 од членот 5 ставот 1 предлагам фактички да се укине данокот на промет на градежниот материјал за станбена изградба и на градежната столарија заради тоа што во членот 14 предлагам за истите производи да се предвиди данокот на промет на производи да не се плаќа.

Ова барање, односно амандман го образложувам со предлогот заради тоа што целокупниот промет на градежен материјал и градежна столарија наместо во продавниците на мало и во магацините на големо се префрла во станбените задруги за што во Републиката создаваме една категорија на граѓани коишто живеат само од провизија заради можноста што ја даваат станбените задруги, заради одбегнување на плаќањето на данок на промет. Републиката во Републичкиот буџет заради ова не останува никакви приходи и од тие причини не е одржливо мислењето на Владата дека Републичкиот буџет се полни толку многу со данок,. на промет кој што избалансиран од вкупните приходи и расходи на Буџетот заради што Владата мисли дека овој амандман не треба да се прифати туку да остане решението односно да се плаќа данок на промет на градежен материјал и градежна столарија.

Исто така сметам и постоечката законска регулатива, станбените задруги ги исклучува од можноста да вршат градба на деловен простор. На тој начин законодавецот исклучувајќи ги и физичките лица од можноста за градба на деловен простор со намалени трошоци го легализира создадениот монопол на посточеките градежни претпријатија коишто вршат

набавка на градежен материјал и градежна столарија без данок на промет, меѓутоа ја оптоваруваат со сите свои нерационалности во работењето, вкупната продажна цена на еден метар^квадратен и затоа во градежништвото деловниот простор на површина на е м2 е доста висок. Што значи посточеката законска регулатива ги исклучува физичките лица преку станбените задруги да можат да градат деловен простор по намалени трошоци. Имајќи го ова во предвид, а и нормално отстранувањето на шпекулациите коишто се јавуваат сега во поглед на користењето на градежен материјал и градежната столарија со одбегнувањето на плаќањето на данок на промет преку разни манипулации на лица кои немаат градежни дозволи, а кои тоа право на купување на градежен материјал го вршат преку станбените задруги за сметка на други со нормално остварена соодветна провизија предлагам и заради стимулираше на вкупната градежна оператива и на градежништвото воопшто, односно решавањето на станбените прашања и на граѓаните и на изградбата на деловниот простор без данок на промет и кај физичките лица во членот 5 ставот 1 точките 6 и 7 се избришат што би реперкуирало понатаму во разгледувањето на амандманите на поднесениот закон за данокот на промет во членот 14 да се предвиди дека за овие производи данокот на промет не се плаќа.

Од овие причини„предлагам Собранието да го усвои предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само да ве потсетам дека Комисија за финансирање и буџет не го поддржа овој амандман.

Исто така и Владата не го прифати.

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не дава збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

За гласаа 30 пратеници.

Дали има некој против? (18)

Според тоа овој амандман не го доби потребното мнозинство.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас барам претседавачот на седницата да го утврди кворумот на седницата бидејќи 30 гласаа за, 18 против, изгледа дека се присутни 48 пратеници. Значи немаме кворум и затоа предлагам да се изврши повторно" гласање. Доколку има кворум заради сомневање во резултатите од гласањето предлагам да се изврши поименично гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, службата да ме извести колку пратеници се присутни во салата.

69 пратеници се присутни во салата, од тие 30 гласаа "за", а треба најмалку 40.

Дали господинот Петров инсистира да се гласа поименично.

Ако има поддршка од 10 пратеници според деловникот, ќе се гласа.

Молам, кој е за предлогот да се гласа поименично. (15)

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи јас очекував дека овој амандман ќе помине еве ќе го кажам и моето мислење зошто треба да помине. И Тодор Петров нагласи дека со овој амандман ќе се допринесе дека чинењето на квадратот на станбениот и деловниот простор се симне. Јас предлагам овој амандман да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сте сега да гласаме поименично.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам да напомнам во врска со последниов момент дека тоа ќе ја направи цената по метар кв поевтина Условите за станбена изградба и за ослободуваше од данок на промет се еднакви и кај индивидуалната, што значи кај личната изградба и кај станбените задруги и друго преку градежната оператива за оние што и при купувањето на станови се ослободени од данок на промет. Според тоа , врз цената во овој момент еднакво делуваат.

Други се аргументите кој Владата не ги прифаќа за прифаќање на овој амандман ви останува на решението кое што е предложено во Предлогот на законот. Да не ги споредуваме станбената изградба со изградбата на деловниот простор. Станбените задруги немаат функција да градат деловен простор и во Законот за станбените задруги е пропишана нивната надлежност и услови како можат да делуваат и според кои услови граѓаните, земјоделците и другите субјекти кои се утврдени со Законот да можат да користат услуги на станбените задруги да можат да користат ослободување од данок на промет и набавка на градежен материјал треба да ги исполнуваат тоа за да се направи. Според тоа, влијанието на овој момент врз цената 1м е еднаква или еднаква ако не постои, други се факторите кои влијаат на големината на цената на $м^2$ во Градежната оператива, од материјали, од рационализација, од продуктивност, од сите други елементи.

**СЛАВНЈАНА СТОЈАНОВА:**

Изјавата на г-ца Лазарова е дезинформација еве од кои причини. Нема да поевтини  станбен и деловен простор поради тоа што и сега градежната оператива е ослободена од плаќањето на данок на промет на градежни материјали, а исто така е ослободен и секој граѓанин кој што гради преку станбените задруги.

**ЃОРЃИ БОЈКОВКСИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека со усвојување на овој амандман ќе ја поттикнеме бесправната изградба. Сите граѓани кои имаат одобрение за градба можат да бидат членови на било која задруга и преку таа задруга да набавуват материјал без плаќање на данок на промет. А ова ќе овозможи сите граѓани кои градат без одобрение за градба да можат исто така да купуваат материјал на пазар без да плаќаат данок на промет.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Не знам зошто претседавачот ја продолжи дискусијата, меѓу тоа јас ќе кажам во што се состои дезинформацијата на г-цата претседател на Комисија за буџет и финансирање, Славјанка Стојанова. Градежните претпријатија купуваат градежен материјал без данок на промет и така и го продаваат, меѓутоа во продажната цена на му ги вкалкулираат сите свои загуби и нерационалности во работењето, и неекономичноста во неработењето. Ако сум јас физичко лице, сакам да градам деловен простор макар да е и со градежна дозвола, сам да го градам, со група граѓани, во согласност со Урбанистичкиот план немам^право преку станбена задруга да набавувам без данок на промет, туку ќе мора да го платам данокот на промет и тука е нелогичноста, што ако се дозволи да не се плаќа данок на

промет на градежниот материјал и столарија, сакам да градиме деловен простор со група на граѓани во согласност со Урбанистичкиот план^и градежната дозвола ќе го изградам, меѓутоа иако е без данок на промет цената ќе ме чини многу помалку колку што ќе ми го продаде градежното претпријатие. А на станбената задруга за "градење за деловен простор не и е дозволено во дејноста на да го врши тоа, и она што беше речено дека ќе ја стимулира бесправната градба тоа не е прашање на овој Закон, тоа е прашање  на градежната инспекција да ја спроведува својата обврска од надлежностите кои што друг закон и ги дал за Да се спречува нелегалната станбена изградба и^изградба на деловен простор и на оние кои што немаат потребна документација согласно Законот.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Јас мислам дека на овој амандман требаше да му следи една финансиска квантификација. Инаку, вака ако го прифатиме амандманот мислам дека е толку уопштен што најверојатно во Министерството за финансии треба да изготват посебна анализа што значи тоа во делот на остварувањето на приходите на Буџетот. Инаку, поимот градежни материјали е многу широк. Ако ние овде ги наведеме кои градежни материјали бидејќи не се работи само за цигли и за врати, туку се работи за сите делови што се вградуваат во станот. Тука спаѓаат и кабли и санитарија итн. Според тоа значи ли дека треба да ги ослободиме сите тие производи од плаќање на данок. Сметам дека амандманот од тие причини не би требало да го прифатиме, а друго е прашањето на работењето на станбените задруги. Најверојатно тоа треба да се решава со Законот на станбените задруги и тука  сигурно треба да се ,бараат решенијата доколку

тие работат нерационално или надвор од законската регулатива. Така да, јас сметам дека не би треба од тие причини да се прифати амандманот што го предложи Тодор Петров..

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Не е точно тоа дека граѓаните преку станбените задруги земаат материјали без данок на промет. Тие плаќаат на задругите не знам од колку но до 8% на корисниците на издавачите на тие услуги. Бидејќи државата со ова не е загрозена, со усвојуваше на овој Закон, туку ќе бидат загорзени само имателите на станбените задруги и тие што нудат вакви услуги, јас сметам дека овој амандман треба да помине.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Ако се согласувате сите да престанеме да дискутираме јас се согласувам, немам ништо против. Мислам дека треба да ги поддржиме работите на две, бидејќи тука одредени работи произлегуваат од тоа што работите добро не се познаваат. Ако го имаме предвид Законот за претпријатијата и ако го имаме во предвид тоа дека и самостојните дуќани се изедначени со претпријатијата тогаш сите можат да градат без данок на промет со издавање на изјава за намената за што се,дава градежниот материјал Според тоа овде не стои потребата дека греба по ова да се гласа. Сите можат јас ова сум го кажал и сум го остварил, секој може или треба да се претходно организира пред градбата, да се организира, да стане претпријатие или да добие одобрение за обавување на дејност и тогаш да го оствари правото.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-динот Петров останува на амандманот?

**ТОДОР ПЕТОРВ:**

Да

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам секретарот да почне да прозива и да започне гласањето.

**МИЛОВАН ШИЌОВСКИ:**

1. ФАИК АБДИ (Не е тука)
2. ЃАЗМЕНД АЈДЕРАГА (Против)
3. ХАМИД АЛИУ (За)
4. ЕШРЕФ АЛИЛИ (Против)
5. СТОЈАН АНДОВ (Не е тука)
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ (Не е тука)
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ (Не е тука)
8. ТИМЕ АНДОНОВ (Не е тука)
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ (За)
10. ДУШКО АРСОВСКИ (Не е тука)
11. ДРАГИ АРСОВ (За)
12. БРАНКО АРСОВСКИ (Не е тука)
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ (Не е тука)
14. ЈОРДАН БОШКОВ (Не е тука)
15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ (Против)
16.
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ (Против)
18. ПЕТАР ГОШЕВ (Не е тука)
19. ТУШЕ ГОШЕВ (Не е тука)
20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ (Не е тука)
21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ (За)
22. САНДЕ ДАВЧЕВ (Не е тука)
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ (Не е тука)
24. ТОДОР ДИМОВ (Против)
25. ДОСТА ДИМОВСКА (За)
26. РАТКА ДИМИТРОВА (Не е тука)
27. ПЕТАР ГОРЃИЕВ (Против)
28. БОРКО ГОРЧЕСКИ (За)
29. ДУШКО ГОРГЕСКИ (Против)
30. ЗУДИ ЕМИНИ (Воздржан)
31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ (Против)
32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ (Не е тука)

| | |
|---|---|
| 33. НАСЕР ЗИБЕРИ | Не е тука) |
| 34. ВАСИЛ ЗИМЕАКОВ | (Не е тука) |
| 35. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | (Против) |
| 36. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | (За) |
| 37. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | (Не е тука) |
| 38. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | (Не е тука) |
| 39. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | (Воздржан) |
| 40. ИВАН ИВАНОВ | (Не е тука) |
| 41. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ | (Не е тука) |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | (За) |
| 43. РИСТО ЈОВАНОВ | (Против) |
| 44.Ѓ УЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | (За) |
| 45. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | (Не е тука) |
| 46. ТАШКО КИРОВ | (За) |
| 47. ЗОРАН КИТЕВ | (Не е тука) |
| 48. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | (За) |
| 49. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | (Воздржан) |
| 50. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | (Против), |
| 51. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | (Не е тука) |
| 52. НИКОЛА КРСТЕСКИ | (За) |
| 53. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | (За) |
| 54. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | (За) |
| 55. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | (За) |
| 56. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | (За) |
| 57. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | (За) |
| 58. ЕФТИМ МАНЕВ | (За) |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | (Против) |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | (За) |
| 61. МАРИН МИЛЕНКОСКИ | (Против) |
| 62. ВЛАДИМИР МИТЕВСЌИ | (За) |
| 63. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | (Воздржан) |
| 64. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | (Против) |
| 65. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | (За) |
| 66. АВДИ МУРТЕЗАНИ | (Не е тука) |
| 67. НАИФ МУСТАФА | (Не е тука) |
| 68. СИМОН НАУМОВСКИ | (Против) |
| 69. ПАНЧЕ НАСЕВ | (Не е тука) |
| 70. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | (Воздржан) |

| | |
|---|---|
| 71. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | (Не е тука) |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | (Против) |
| 73. ЈОВАН НИКОЛОВ | (Воздржан) |
| 74 . ТОДОСИЈА ПАУНОВ | (За) |
| 75. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | (За) |
| 76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | (Не е тука) |
| 77. ТИТО ПЕТКОВСКИ | (Против) |
| 78. ТОДОР ПЕТРОВ | (За) |
| 79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | (Не е тука) |
| 80. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | (Не е тука) |
| 81. КИРО ПОПОВСКИ | (Против) |
| 82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | (Против) |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | (Против) |
| 84. ИСМЕТ РАМАДАНИ | (Против) |
| 85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | (Против) |
| 86. НЕИМ САЛМАНИ | (Воздржан) |
| 87. ФЕРИД САДИКУ | (Воздржан) |
| 88. АСЛАН СЕЛМАНИ | (Не е тука) |
| 89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | (Не е тука) |
| 90. АЦО СПИРОСКИ | (Не е тука) |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | (Против) |
| 92. НАЌЕ СТОЈАКОВСКИ . | (Не е тука) |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | (Против) |
| 94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | (Против) |
| 95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | (Не е тука) |
| 96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | (Не е тука) |
| 97. РИСТО СТАМЕНОВ | (За) |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | (Не е тука) |
| 99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | (Не е тука) |
| 100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | (Воздржан) |
| 101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | (За) |
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | (Против) |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | (За) |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | (Против) |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | (За) |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | (Воздржан) |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | (За) |

| | |
|---|---|
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | (Против) |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | (Не е тука) |
| 110. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | (Против) |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | (Не е тука) |
| 112. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | (Против) |
| 113. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ | (Воздржан) |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | (Против) |
| 115. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | (Не е тука) |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | (Воздржан) |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | (Не е тука) |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | (Против) |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | (За) |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ - | (Не е тука) |

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според резултатите од гласањето констатирам дека гласале 74 пратеници.

Од нив 30 пратеници гласале "за", 32 пратеници гласале "против" а 12 пратеници биле воздржани од "гласањето".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 на став 1 за бришење на точките 6 и 7 поднесени од пратеникот Тодор Петров.

Ве молам, сега да се договориме како да работиме.

На почетокот на седницата се договоривме да работиме до 17,00 часот. Сега е 14,00 часот. Ако чувствувате потреба за пауза за ручек, тогаш предлагам пауза од 1 час, но да продолжиме со работа точно во 15,00 часот.

Дали се согласувате со Предлогот ? (Се согласуваме)

Предлагам пауза од 14,00 до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,20 часот).

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 2 поднесен од пратеникот Јован Манчевски.

Комисија за финансирање и буџет не го поддржа овој амандман.

Молам, кој бара збор?

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Пратеникот Јован Манчевски, поради оправдани причини не е присутен,но ме овласти да го повлечам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за бришеше на член 8, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисија за финансирање и буџет не го поддржа овој амандман.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (15)

Бидејќи за амандманот гласаа само 15 пратеници констатирам дека Собранието ќе го усвои амандманот за бришење на член 8 поднесен од пратеникот,Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 14, став 1 точка 1 за додавање L0 нови точки: 2,3,4,5,6,7,8,9,10 и 11 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за финансирање и буџет не го поддржа овој амандман.

Молам кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со оглед на тоа што амандманот 8 се однесува на член 14 каде се предвидени ослободувања од плаќање данок на промет на производи, претходно Собранието со мнозинство гласови не го прифати амандманот за ослободување од плаќање на данок за градежни материјали и градежна столарија, амандманот го редуцирам, како што тоа го сторив и на Комисија за финансирање и буџет, предлагам Собранието да се изјасни само за додавање нова точка 2 после точката 1, од став 1 на членот 14, со тоа што останатите точки да се пренумерираат согласно на редоследот.

Даночното ослободување да се изврши на производи опфатени со тарифниот број 6 за кои се плаќа стапка на данок од 7% и стапка на данок од 22,5%. Да се изврши ослободување од плаќање на данок на промет на следниве производи: тоалетен сапун, сапун за переше, детергенти, тоалетна хартија, сапун за бричење, медицински сапун,прашоци и пасти за заби, лосиони за уста, пудра и кремови за деца, беби- масла, беби- млека, пенливи бањи и шампони за коса и бањање, презервативи и средства за заштита од бременост и хигиенски влошки.

Овој амандман беше предложен кога го имавме во процедура Законот за измена и дополнување на Републичкиот закон за посебен данок на промет. Меѓутоа, Собранието го одложи донесувањето на овој закон и и препорача на Владата да го има во предвид при донесувањето на овој закон за данок на промет на производи и услуги кој што претставува кумулирање на двата закони, на досегашниот сојузен и на републичкиот во една даночна стапка.

Со оглед на тоа дека станува збор за средства за заштита на личната хигиена, како и средствата за заштита од бременост како и презервативи и хигиенски влошки, предлагам во услови на низок животен стандард и услови кога средствата од платите се пренасочуваат за набавка пред се на основни прехранбени продукти, како и ниското ниво на платите, ги принудува граѓаните да се откажуваат од набавка на овие средства основни за одржување на личната хигиена, а пред се и во насока на заштита од венерични заболувања и заштита од вирусот на сидата, што го предвидовме во Програмата аз "заштита на населението. Исто така, и во насока на намалувањето на бременоста и заштита на хигиената кај жената. Затоа предлагам оваа точка 2 да биде прифатена односно овие наведени производи, за нив набавката да биде без плаќање на данок на промет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Петров го редуцираше својот амандман и останува само на точката 2 на член 14, став 1.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и редуцираниот амандман на г-динот Петров го ставам на гласање.

Молам, кој е за така редуцираниот амандман да крене рака? (49)

Констатирам дека за амандманот гласаа 49 пратеници што значи дека Собранието го усвои амандманот.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 14, став 1, точка 1, за додавање на точка 2.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 1 за бришење на точката 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисија за финансирање и буџет не го поддржа овој амандман.

Молам кој бара збор? (никој)

Господинот Петров го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришеше на член 64 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисија за финансирање и буџет не го поддржа овој амандман.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Членот 64 како што е предложен се однесува на овластување на Владата како привремени мерки на тековната економска политика да може врз основа на Законот да пропишува данок на промет на производи за кој би требало да се плаќа данок на промет и тоа на основните производи за земјоделството и рибарството ако е тоа потребно заради усогласување на односите на цените и одделни производи ако е тоа потребно заради стабилноста на стопанството и снабденоста на пазарот.

Привремената мерка од став-1 точка 1 и 2 од овој член, може да трае најдолно 1 година, за што Владата на Република Македонија го известува Собранието на Република Македонија, за почетокот на примената, траењето и престанокот на привремената мерка. Ние имавме донесено како Собрание Закон за посебно овластување на Владата да може да презема привремени мерки во стопанството, за регулирање на одделни односи кои покрај тоа се регулирани со позитивните законски прописи.

Од страна на пратеничката група на Реформските сили либерална партија веќе добивме во процедура предлог на закон за престанок на важноста на овој закон, а и како Собрание кажавме дека во текот на примената на законот за посебните овластувања на Владата доколку престанат неговите причини, Собранието да го преиспита тој свој закон што го донел по Предлог на Владата и да донесе мерка престанок на важноста. Фактички со овој член 64 се даваат повторно такви овластувања на Владата, да може и покрај тоа што со овие производи, веќе со овој закон тарифата е утврдена, даночна стапка соодветна, да Владата може зависно од потребите да ја менува даночната стапка за основните производи во земјоделството и рибарството, ако е тоа потребно заради усогласување на односите во цените и за одделни производи наменети за извоз. Сметам дека такви овластувања на Владата ако веќе и со законот за посебните овластувања на Владата предлагаме целосно да се исфрли како начин на работење во Собранието и во Владата, сметам дека на мала врата не би требало да се прифати член 64, односно да се брише неговото постоење, во согласност и со заклучоците со ова Собрание, ако прифатиме дека навистина престанува законот за посебните овластувања на -Владата во поглед на преземање на соодветни мерки во стопанството и покрај тоа што за тие односи е донесен посебен соодветен законски пропис.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Сметам дека за еден амандман Собранието се произнесе во смисла дека системот на даноците се нарушува, а има за последица нарушување на биланските. Сметам дека треба да се води сметка дали даночниот систем, или еден сегмент од неговиот систем ќе го. утврдуваат поединци, или ќе го утврдува Парламентот на предлог на Владата и надлежните министерства целиот систем како комплексен или како контактен систем, или тој ќе биде предмет на нарушување, кој какви аспекти на прашањата има да даде.

Второ, последниот амандман кој е предмет да се брише членот 64, мислам дека образложението кој се дава за потребата за бришење на членот 64 не се во контекст на она што е суштината на проблемот. Овде образложението. за потребата за бришење на член 64 од овој закон се образложува дури повикувајќи се на законот за привремените мерки и примерот со него, потребата од неговото донесување и потребата од негово симнување и се изедначува сосема подеднакво решението што е предложено во член 64. Ве молам да имате предвид дека член 64 е во функција во одредено време и простор да се води ,одредена политика во смисла на ослободување или коригирање во смисла на тоа какви се потреби во извозно увозната политика се наметнуваат, какви интервенции се прават.

Мислам дека за сега не треба да правиме таква лоша услуга независно какви состојби имаме на тој домен да не можеме со даночната политика да ги прилагодуваме тие состојби на сопствените интереси.

Мислам дека бришењето води кон тоа ние да се дистанцираме од тие состојби, да не водиме сметка утре каде ќе се најдеме независно од состојбите, дали бараат интервенција во еден или друг правец, да не можеме да интервенираме и да ги прилагодуваме решенијата на потребите за извоз, односно увоз. Мислам дека е судбоносно и уште повеќе ако компарацијата се прави со системски закони, ова е тој системски закон кој ако во одреден временски период состојбите во земјоделското производство налагаат определени ограничувања во доменот на извозот односно увозот, дозволете дека треба оперативно да се интервенира и тоа само за тој интервал на време каде ќе има негативни последици за тоа производство, односно доколку во доменот на извозот треба такви мерки да се предлагаат, да може оперативни мерки да се предлагаат и да се добиваат одредени ефекти, а не да се дистанцираме од тоа.

Затоа сметам дека не би требало да се прифати бришењето на член 64 бидејќи е во функција на една динамична политика во зависност од тоа како ќе диктираат потребите во одредено време да се интервенира и само во таа функција е тој член 64 и не е во функција целиот систем за данокот на промет да го менува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (16)

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришеше на член 64 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисија за финансирање и буџет и Владата на Република Македонија не го поддржа овој амандман.

Молам кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Горе долу истото образложение како и за бришење на член 64 се однесува и на членот 66, заради тоа што со овој член се дава овластување на Владата да може да ги зголемува стапките на данокот на промет на одделни производи или за група производи што се определени во тарифата на данокот" на промет до 50%, а може тие стапки да ги намалува и укинува и како привремена мерка тоа може да трае најмногу за 6 месеци. Ако веќе на Владата и го даваме правото да може стапките на данокот на промет на производите утврдени со тарифата да ги утврдува самостојно, односно заради спречување и отстранување на растројствата на пазарот, тие стапки да ги зголемува намалува или укинува, тогаш нема ни потреба тарифата како составен дел на законот да ја донесуваме, туку тоа би требало да се

отстапи во надлежност на Владата за навистина кога ќе и притреба да ги регулира даночните стапки на производите.

Имајќи го предвид тоа дека не може такво овластување на Владата да и се даде, поголеми растројства на пазарот од она што веќе го имаме, прашање е дали ќе може да се случи, затоа предлагам членот 66 како привремена мерка, односно вонредно овластување на Владата, за да добие право да ги менува^ укинува или намалува даночните стапки на производите кои веќе со овој закон и тарифата што е составен дел на законот ние ги утврдуваме, предлагам членот 66 да се брише. ,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (24)

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 66 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на тарифниот број б став 1 алинеја 1, точка 2 и 3, алинеја 2 точка 3, 6, 12 и 13 и на точка 4 од забелешките на тарифниот број 8 став 1 точка 1 алинеја 1, 3, 4, 5 и б и на точките 1 и 2 од забелешките и за промена на редоследот на точките 3, 4, 5, 6, 7 и 8 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисија за финансирање и буџет и Владата на Република Македонија не го поддржа овој амандман.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на тарифниот број 6 став 1 алинеја 1 точка 2 и 3, алинеја 2 точка 3, 6,12 и 13 и на точка 4 од забелешките на тарифниот број 8 став 1 точка! алинеја 1 ,3,4,5 и 6 и на точките 1 и 2 од забелешките и за промена на редоследот на точките 3, 4,5,6,7 и 8 поднесен од пратениот Тодор Петров.

Продолжуваме со претрес на текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сакам само да укажам да се извршат само одделни измени во стенограмот од седницата, бидејќи го прифативме амандманот кој се однесуваше за спроведување на плаќање на данок на промет на точка 2, сметам дека само треба да се прифати оној дел од амандманот на тарифниот број 6, кој се однесува на став 1 алинеја 1, точка 2 и алинеја 2 на точка 3. Тоа се средствата за лична хигиена**.**

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Останува составен дел на законот.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? /71)

Кој е против (1)

Кој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за данок на промет и услуги.

Минуваме на **13-та точка** - <u>Предлог за донесување на закон за плаќање на посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување за увезени стоки, со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисија за финансирање и буџет и Законодавно- правната комисија и Комисија за стопанство ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот За донесување на Закон за плаќање на посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезени стоки.

Кој е за, молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на Закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 за издвојување на став 2 во посебен член 1-а и на член 5 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисија за стопанство поднесе амандман на член 1 став 2 пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 4 а пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија поднесе амандман на член 1 став 2 по кој претставникот на предлагачот не е произнесен

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1 и за додавање нов член 3-а, меѓутоа Комисија за финансирање и буџет ги повлече.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од Комисија за стопанство.

Комисија за финансирање и буџет не го подржа овој амандман

Молам кој бара збор?

**ПЕТАР ГОЕГИЕВ:**

Комисија за стопанство предлага во членот 1 став 2 во Законот да се дефинира Собранието на Република Македонија по предлог на ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас се извинувам господине Ѓорѓиев говориме за член 1 став 2.

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Започнува реченицата со зборовите Собранието на Република Македонија, а се однесува за овластувањата што ги има Владата во поглед на предлагањето на одредени стоки на кој се однесува према законот посебната давачка за оптоварувањето на увезените стоки. Но со оглед на тоа, дека во царинскиот закон каде што се утврдува висината на царинските давачки, царинската тарифа е во овластување  на Владата да ја утврди,

сметам дека нашиот предлог, а бидејќи јас бев предлагач на овој амандман, овој момент не би требало да оди во процедура, затоа што царинската тарифа сигурно како еден акт е далеку поширока, а таа во овластување на Владата и во рамките на тие овластувања се дефинираат условите за увозот на стока и одредени олеснувања, па затоа сметам дека не би требало, односно го повлекувам амандманот кој е поднесен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по Амандманот на член 1, став 2 поднесен од пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Овде стои дека претставникот на Владата не се произнел, па го молам претставникот да се произнесе.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ**: (од место)

Го прифаќаме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот, според тоа, кој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Господинот Петров го повлекува амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот за ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеници).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за плаќаше на посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезени стоки.

Преминуваме **на 14-тата точка** - Предлог за донесување на закон за посебната такса на увезени стоки, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон и извештаите на Комисија за финансирање и буџет, Комисија за стопанство и Законодавно- правната комисија Ви се доставени односно поделени.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот Стојан Андов).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за посебната такса на увезени стоки.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (1 пратеник) .

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник) .

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на  закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно- правната комисија поднесе амандмани на член 1, за издвојување на став 2 во посебен член 1-а и на член 5, со кој се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисија за стопанство поднесе амандман на член 1 став 2, пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија поднесе амандман на член 1 став 2. По поднесените амандмани не се произнесе претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од Комисија за стопанство. Комисија за финансирање и буџет не го поддржа овој амандман.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе по овој амандман!

Амандманот го повлекувам.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе по овој амандман.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ**: (Од место)

Го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш станува составен дел на текстот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за посебната такса на увезени стоки.

Преминуваме на **15-тата точка** - <u>Предлог за донесување на Закон за изменување на Законот за комуналните такси, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон извештаите на Комисија за финансираше и буџет и Законодавно- правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој .бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за комуналните такси.

Кој е за, молам да крене. рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно- правната комисија поднесе амандман на тарифните броеви од.1 до 11, а пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија поднесе амандмани на член 1 тарифен број 2 и 3' со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел-^на текстот на Предлогот на закон.

Комисија за. финансирање и буџет го .разгледа амандманот на член 1 тарифен број 2 поднесен од пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија, кој е составен дел на текстот и не го подржа, па поради тоа поднесе, свој амандман на истиот член.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот на Комисијата за финансирање и буџет.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** (од место)

Се прифаќа, Владата го прифати амандманот пратеничката група на Социјалистичката партија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што прифаќа Владата, дали амандманот што го дала Пратеничката група на Социјалистичката партија или како што овде вели на Комисија, во што е сега спорот? Сега имам амандман на Комисија.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Имаме две ситуации. Едната е дека социјалистичката партија на Предлогот на законот даде два амандмани алинеја 1 за домашни лица износот од 100 се заменува со износот од 200. Владата го прифати овој амандман.

Сега Комисија обратно, после расправата по овој амандман и откако Владата се изјасни по овој амандман прави нов амандман кој гласи дека во членот 1, во тарифниот број 2 во првата алинеја износот 200 кој веќе Владата го имаше прифатено како предлог се заменува со износот 100.

Владата останува на. Амандман I на член 1 во тарифниот број 2 во ставот што го утврди по амандманот на Социјалистичката партија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш по амандманот на Комисија ќе отвориме претрес така. Важно е да разјасниме што е што.

Сега веќе основен предлог е 200, тоа е предлог на Владата, тоа е став на Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 1, тарифен број 2 алинеја 1, поднесен од Комисија за финансирање и буџет.

Молам кој бара збор?

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Комисија за финансирање и буџет го преформулира тоа, од 200 го врати повторно како што беше на 100 денари, тоа е заклучокот на Комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа го знаеме, тоа е поделено. Многу важно беше што мисли Владата. Владата кажа дека не го прифаќа ставот на Комисија. Дајте образложение сега за да гласаме.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Наше мислење е дека после она што Владата донесе одредена такса ако се оди во странство, треба да се плаќа по 30 германски марки, ние сме свесни дека треба да патуваме во нашите туристички места и изгледа туристичкиот сојуз го користи овој момент од 100 таксата да ја наголеми на 200 денари. Образложение нема никакво. Според тоа, Комисија за финансирање и буџет одлучи тоа да биде 100 денари. Тоа е. образложението на Комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Интересно е. што Владата го изменила ставот за 100%, да даде образложение сега.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Владата има аргументи зошто го измени ставот, нема потреба да ги објаснуваме, затоа што тие беа објаснети на Комисија, се сметаше дека тарифата, со оглед на движењето на цените во туристичкото стопанство е исклучиво ниска и треба да се зголеми за толку за^колку што е предложено и го прифати тој предлог. Сега би било непринципиелно Владата повторно

да се враќа на едно решение кое веќе еволуираше. Затоа ќе мора по овој амандман да се изјасни Собранието. Ние остануваме на Предлогот на прифатениот амандман , во однос на основниот предлог.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Само едно дополнување на образложението кое што го даде пратеникот Благој Тошев во отсуство на претседателот на Комисија за финансирање и буџет зошто Комисија се определи да даде амандман на амандманот на социјалистичката партија што Владата го прифати и стана составен дел.

Имено, тарифниот број 2 кој што беше предложен амандман се однесува за привремен престој на лица дневно 100 денари како туристичка такса. Тоа значи за едно четиричлено семејство ако биде таксата за ден 200 денари,тоа е 800 денари, околу 1000 денари оди само на такса. Ако се отиде 15 дена на одмор, а во вакви услови ак некој оди на "одмор би одел во туристичките места во Републиката би изнесувало околу 12 до 15 илјади денари само за комунална такса за престо ј. Од т-ие причини, знаејќи какво е нивото на стандардот на граѓаните предложивме да се прифати првобитниот текст на Владата односно за привремен престој на лица дневно по лице да се .плаќа 100 динари а не 200 како што предложи Пратеничката група на Социјалистичката партија. Од тие причини Комисија за буџет и финансирање предлага на пратениците да го прифатат нејзиниот амандман на тарифниот број 2, во првата алинеја на членот 1 износот 200 да се замени со 100.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, основниот мотив што предложивме оваа ставка во буџетот да се зголеми е од причина што Републиката денес е

испречена пред големи потреби од областа на туризмот. Денес имајќи предвид дека одиме кон целосна трансформација и на симболите со конституирањето на Република Македонија, како самостојна и суверена држава, всушност во републиката треба да отпочне еден процес на комплетно обновување на целокупната информативно пропагандна дејност во Републиката. Денес никаков проспект туристички или било каква филмска лента не постои што би значело промоција на туризмот во Република Македонија. Тоа е едниот аспект.

Второт аспект, веќе образложи господинот министер, соодносите кои што досега владееја всушност само ги пресликуваме. Ние сега доколку се вратиме на ставка од 100 динари за користење на хотелски смештај се врши изедначување со користење на шаторско сместување, би било 100 динари во камп и 100 динари во хотел што никогаш во практиката не се применувало. Оттаму тој сооднос е адекватен на соодносот што се предлага, 2 долари за странски туристи во Републиката. Во таа функција мислам дека единствено прифатлив е предлогот што и Владата го поддржува бидејќи единствено со тоа ќе обезбедиме услови за поширока промоција на Републиката во странство.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Јас сметам дека не би требало да се прифати амандманот што е предложен од страна на Социјалистичката партија, иако Владата односно Министерот изнесе од кои побуди го има прифатено. Сигурно од потребата за повеќе средства. Основно образложение сигурно е тоа дека во овие услови нашите граѓани сигурно свртени кон тешкотиите што ги имаат во редовната егзистенција имаат потреба и од користење на годишни одмори

во нашите одморалиште,со воведување на една ваква такса сигурно не ќе може дел од домаќинствата да отиде  на годишен одмор, знаејќи однапред дека треба да платат околу 12 иљјади денари само за престојување во местото каде треба да се наоѓаат. Од тие причини сметам дека треба да се прифати предлогот што Владата го има во постојниот текст.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Јас исто така мислам дека треба да се прифати амандманот на Комисијата за финансирање и буџет односно решението од 100 денари, а моето објаснување на тоа зошто Владата го прифатила амандманот на Социјалистичката партија е со едноставна проста логика дека овие средства односно намената на овие средства од комуналната такса за информирање и пропаганда инаку, за вашето отцепување, се една од позициите на републичкиот буџет па сигурно едно решение наместо од буџетот се предвидува со зголемување на оваа позиција на оваа такса, наместо од Републичкиот буџет да се бараат плус средства' што сигурно е неопходно за развој на информирањето и пропагандата во туризмот, наместо буџетски средства тие да се распределат на товар на граѓаните. Како намет не е вред да се оптоваруваат граѓанството дополнително и затоа сум против зголемувањето од 100 на 200 денари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор,го заклучувам претресот по амандманот на Комисија.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. -

60 пратеници гласаа за амандманот.

Дали има некој против? (2 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање?(3 пратеници).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 1, тарифен број 2, алинеја 1, поднесен од Комисија за финансирање и буџет.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. .

Молам, кој бара збор?

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, го почитувам мислењето на мнозинството во Парламентот со оглед на вкупните состојби туристичката такса за домашните^ туристи кои што летуваат да се намали на 100 денари. Меѓутоа, имајќи предвид дека тоа веќе е усвоено би предложил нов амандман, со кој би предложил за транзитните туристи, за домашните транзитни туристи, значи не оние кои одат на годишен одмор туку за транзитните туристи таксата да биде 200 денари. Не за тие што одат на годишен одмор, туку оние што ттанзитно патуваат, една вечер спијат итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да го слушнеме претставникот на Владата. Ова е само искажано мислење, ние не сме добиле текст на амандман.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Остануваме на предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, и по ова мислење Владата си останува на својот основен предлог на закон.

Бидејќи господинот Поповски не даде амандман во писмена форма, не можам да го,пуштам во постапка. Тој само изнесе идеја која доколку ја прифатеше Владата ќе беше составен дел на текстот. Владата не ја прифаќа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој) 4

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за комунални такси.

Минуваме на **точка 16** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на Комисија за општествено- политички систем, Комисија за образование, наука и култура и ЗПК како и мислењето на Владата на Собранието на РМ ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека Комисија за општествено- политички систем, ЗПК и Комисија за образование, наука и култура го разгледаа предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на законот за органите на управата, со предлог на закон и предлагаат Собранието да го усвои следниот заклучок:

1. Со оглед на тоа што претстои донесување на нов закон за органите на управата, Собранието о оценува дека не е целисходно да се вршат измени и дополнувања на постојниот закон за органите на управата само за одделни прашања.

2. Собранието. истакнува дека при изготвувањето на Законот за органите на управата, Владата на РМ треба да ги преоцени сите барања, предлози и сугестии, доставени од пратеници парламентарни

групи што се однесуваат за изменување и дополнување на законот за управата.

При тоа, Собранието укажува дека е потребно роковите за донесување на законот што се утврдени во програмата за работа на Собранието за 1992 година, како и во членот 6 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ.

Трето, овој заклучок да се достави до Владата на РМ и до Министерството за правосудство и управа.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака.

Има збор господинот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Заклучокот што овде се нуди ми се чини дека Владата сака на еден културен начин да се тргне овој предлог што јас го понудив односно предлог за формирање на посебно министерство за спорт. Јас лично и поготово од како го прочитав мислењето на Владата ценам дека нема расположение во Владата за формирање на едно вакво посебно Министерство, туку како што кажав на почетокот се сака со еден ваков заклучок на еден културен начин да се пролонгира оваа работа.

Јас си останувам доследен на предлогот што го понудив, а сега сакам во кратки црти ќе кажам кои се причините поради кои треба да се донесе односно формира ова Министерство.

Осамостојувањето на македонската држава и трансформацијата на системот на општественото уредување во Републиката во сферата на физичката култура односно спортот како и во другите области на општественото живеење се одрази така што донесе и сеуште носи коренити промени. Тоа значи дека пред македонската спортска јавност се

поставуваат бројни обврски, пред се за изградување на сопствен систем на натпревари и нов приод кон критериумите и вредностите кои досега владееле во оваа дејност.

Утврдувањето на обврските претпоставува обезбедување на услови кои ќе значат основа за успешно ,реализирање на поставените задачи. Еден од условите е и обезбедувањето на соодветен третман на оваа дејност во системот, а тоа значи во рамките на органите на управата издигнување на едно повисоко рамниште односно формирање на посебно министерство за спорт.

Ако повод за ваквиот предлог може да биде и работниот заклучок на ова Собранието донесен на седницата одржана на 16 и 18 април 1991 година со кој Собранието ја задолжува Владата на СРМ да согледа можноста за измена на законот за органите на управата во смисла на формирање на министерство за спорт". Причините за покренуваше на ваква постапка се многу повеќе, а аргументите за тоа ќе говорат само за себе. Повторно воспоставување на министерството за спор нема да значи големи процедурални и финансиски ангажирања.

Секторот за физичка култура спортот при постојното министерство за образование и физичка култура според планираното организација и систематизација на Министерството во целост би ги задоволила потребите на посебен орган. Можни се минимални корекции со евентуално ангажирање на две до три нови вработувања за обезбедување на административно- техничките работи, во услови на единствено извршување на овие работи од службата за Владата и овие вработувања нема да бидат потребни. Просторно исто така проблемот би се решил во рамките на просторот кој го користи Министерството за образование и физичка култура.

Тоа подразбира ангажирањето на средствата од Буџетот да биде во постојниот обем, што значи нови зафаќања на средства" за функционирање на посебно министерство не се потребни. Во краен случај тоа се минимални средства со намена за 2 до 3 нови вработувања.

Постапката за реализација на онаа цел подразбира поведување на постапка за изменување и дополнување на законот за органите на управата во смисла на издвојување на надлежностите утврдени во членот 125 што се однесуваат за физичката култура, спортот. Измените не се огромни.

Уставен основ за оваа работа има во член 47 од Уставот на РМ.

Неодминливо е да се напомене дека и научниот развој во Уставот се третира подеднакво како и спортот. За тоа говори претходниот став на член 47 од Уставот, а за него грижа води посебно министерство.

Уште еднаш, не може да се занемари интересот и барањето ан целата спортска јавност за формирање на посебно министерство за спорт.

Би сакал само да додадам уште некои работи, а тоа е дека секоја нова држава и секоја држава која што се борела, а тоа историјата ни го покажува,"'за свое меѓународно признавање како најевтина реклама за својата презентација во светот бил спортот. Можам да наведам примери со Источна Германија, Кореја, Куба и други земји.

Исто така сакам да напоменам дека и некои големи парламентарни партии кои се овде во Парламентот во својата зацртана програма се

залагаа за основање на посебно министерство за спорт. Исто така сакам да кажам дека и Сојузот на физичка култура во своето писмено обраќање бараше Парламентот да гласа и да се изјасни за посебно министерство за спорт. До колку биде изгласано барам да се даде рок од месец или два, колку ќе биде не е важно, Владата во тој рок да избере министер за спорт и го конституира ова министерство од причини што на почетокот ги кажав и ќе ги повторам, мислам дека не постои разбирање кај Владата за формирање на посебно министерство за спорт.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Мое мислење е дека има потреба од основање на министерство за спорт, а во исто време мое мислење е дека нема причини за донесување на предлогот на законот за измени и дополнувања на Законот за органите на управата од следните причини:

Прво, затоа што министерствата, како што е и овој орган Министерството за спорт кое се предлага да се формира, фактички тоа е империумот на извршната власт чиј титулар е Владата и без позитивно мислење за во овој "момент да се реализира основањето на такво министерство. за спорт. Односно неопходно е овластен предлагач во основањето на ново министерство за спорт биде баш Владата а не пратениците односно од пратениците треба да потекне само иницијативата затоа што основањето на едно министерство претпоставува многу други подготовки и согледувања на сите тие димензии што тоа значи. Сметам дека овој закон прво треба да го предложи Владата. "Исто така, сметам да не се оди редуцирано во формирање на министерство по министерство во овој случај министерство за спорт. Како што знаеме РС- Либерална партија

има поднесено предлог за основање на министерство за надворешна трговија итн., така ж го прифаќам заклучокот што овде беше прочитан од страна на претседателот на Собранието, односно овој закон да се носи целосно и овластен предлагач да биде Владата, а сите предлози и мислења да се земат предвид при носењето на новиот закон.

**ЗОРАН КРСТЕВ.СКИ:**

Ние сега овде доаѓаме до еден апсурд кој треба да го објасниме, а тоа е дека со програмата за работа на ова Собрание на кое му претходеше мислењето на Владата, во овој месец требаше да се одвиваа активностите околу измените односно донесувањето на нов закон за државна управа. Во тој контекст оваа иницијатива која беше поднесена од пратеникот Пановски уште пред 3 месеци беше во функција токму на тој закон би требало според програмата сега да биде актуализирана. Ние не знаме сега Владата во која фаза овој закон го има и дали воопшто до летните одмори нас ќе ни го понуди.

Оваа иницијатива во која патем да речеме дека Либералната партија има во својата програма заедно со иницијативата на ова министерство да се припои и министерство за млади, ја има судбината на сите иницијативи кои се врзани за формирање на нови министерства. Од тука рационален се чини дека е овој заклучок кој на одреден начин не е во спротивност со иницијативата на господинот Пановски туку токму напротив вели при донесувањето на законот за државна управа да се има предвид и во структурата на министерствата да биде предвидено ова министерство. Сега не знам кој од Владата ќе го објасни ова околу доцнењето на законот бидејќи ние всушност во овој месец веќе требаше да расправаме по законот

за управа. Од тие причини мислам дека на нас малку ни е застарен овој заклучок. Меѓутоа, како поинаку. Ако почнеме да одиме со измени, а да ви кажам постоечкиот закон е полн со нелогичности, поготово што е оптоварен со формулации и односи кои беа карактеристични за поранешниот систем, не знам дали е целисходно да се почне со измени од ова министерство, а при тоа да не се има предвид целокупната структура на државната управа и во тие рамки поделбата на министерството. Предлагам во секој случај да имаме еден дополнителен заклучок кој ќе се однесува на законот за државна управа и ажурирањето на неговото разгледувањето и донесување во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Му давам збор на претставникот на Владата, потпретседателот Беќир Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитувани пратеници, прашањето кое се покренува во врска со потребата за формирање на посебно министерство, а пред тоа имаше уште едно барање за министерство за економски односи со странство, како што и од"министерството за земјоделие да се формира посебно министерство, па како што гледате се редат многу посебни министерства, а јас мислам дека ова Собрание е заинтересирано да добие комплексен предлог за органите на управата затоа што од тоа зависи и рационализацијата на администрацијата во управата. Не може да се оспори потребата одделно кога се..расправа за поедини потреби за одделни органи, меѓутоа, во целината на работите кога ќе се компонира тогаш ќе се види и цената на

тоа и рационалноста во организацијата на работата и ефикасноста во работењето на администрацијата во целина. Следствено на тоа мислам дека предложениот заклучок треба да се упати кај изработувачот, Владата, да се регистрира и овој аспект на барањето за во комплексот на истражувањата кога ќе се нуди текстот кој е во работна верзија, сеуште не е во постапка да се има предвид и овој аспект, барањето. па тогаш кога ќе се дојде во Собранието да се расправа од сите аспекти и да се даде комплексна оценка за тоа колку министерства и за кои дејности ќе има одделни министерства.

Анализите ни покажуваат огромни нерационалности во тој поглед. Видете само Министерството за урбанизам, градежништво и т.н., две редици фирма која како список на активности е толку комплексна и сложена и дали може да се извршува од едно место, како што е Министерството за стопанство исто така еден своеврстен конгломерат. Така да не се појавуваат само потреби од овој аспект дали за одредени дејности се потребни одредени министерства и слично туку и од аспект на постојната организација која е поставена со постојниот закон, во која мерка е ефикасна и рационална. Па допуштете да имаме прилика да доаѓаме" до онаа мерка во која ќе успееме да ги анализираме и да ви -ги предложиме решенијата па да расправате за тие решенија комплексно, а овој заклучок упатува на тоа да се има предвид и овој аспект на прашањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашањето беше кога ќе дојде законот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сакам само да кажам, согласно член 71 став 1 од Уставот јас си го користам моето деловничко и пратеничко право да предложам.

Причините јас ги образложив и би сакал да му реплицирам на господинот потпретседател на Владата. Јас тоа го кажав и пред малку. Тоа го правам да не бидат пратениците и јавноста доведени во заблуда дека тоа со рационализацијата на органите на управата, ама баш нема врска. Мене не ме интересира какви се состојбите во Министерството за урбанизам и Министерството за стопанство. Министерството за спорт, јас кажав, ќе бара максимум две до три нови вработувања и од тие министерства каде се вишок може тука и да се префрли. Тоа се две до три вработувања. Просторниот проблем е решен и^ не може ние како Парламент

да си го земеме тоа право да се оглушиме од барањата на целокупната спортска јавност, на сите спортски работници, спортистки итн. И самото излагаше на потпретседателот на Владата јасно кажува дека нема разбирање кај Владата за формирање на едно вакво министерство. Јас уште еднаш напоменувам дека како држава која што се бори за своето меѓународно признавање ценам дека сме должни во што пократок рок да го формираме тоа министерство од причина што на нас ни е потребна афирмација на меѓународен план, а преку спортот ни е најевтина таа афирмација ако навистина сакаме да се бориме за тоа меѓународно признавање.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Навистина кога зборуваме за вакви проблеми треба да кажеме дека Владата треба поцелисходно да одговори на неколку прашања и од пратениците , а и од соодветни комисии на Парламентот. Ако се сеќавате пред месец ипол дена Комисија за заштита. на животната средина поднесе барање односно заклучи да се формира посебно министерство за екологија. Меѓутоа, и до ден денес немаме никаков одговор. Исто така, и во материјалите успеав да прочитам и одредени амандмани односно закон за формирање на. други министерства, особено Министерство за надворешни работи,-министерство за култура. Навистина треба Владата да ни одговори до каде се тие работи, затоа што денес во современиот свет ако ние имаме желба, а мораме да имаме желба да влеземе во тој современ свет ќе мора овие проблеми да ги докрајчиме, затоа што и Министерството за надворешни работи и за спорт, култура и за екологија се современи министерства, бидејќи третираат современи проблеми.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас би сакал на почетокот да се оградам од правниот аспект на оваа иницијатива. Навистина не можам овде да кажам ништо, меѓутоа, од економскиот аспект мислам дека не може да се каже дека нема оправдувања со оглед на тоа што е можно да се направи рационализација во постојното министерство, да се издвои како посебно министерство за спорт. Верувам дека од економски аспект може да биде дури и многу поповолно со оглед на~тоа што дека токму тој денар што на некој начин денес се собира може многу порационално да биде искористен, а нас ни е сега моментално доста познато како спортските клубови и

спортот во нашата Република се спортува особено од аспект на финансиски средства. Инаку, спортот за афирмација на една држава мислам дека не е потребно да се зборува. Мене ми се чини дека тоа е еден најдобар начин за реклама на една држава, со оглед на тоа дека било кој производ да оди надвор од границата на таа држава, по тој производ доаѓаат поединци, еден потрошувач, а доколку со одреден број спортисти кои учествуваат во разни спортски игри на одредени стадиони и други, доаѓаат непосредно во контакт со огромен број на граѓани од другите земји и на тој начин се доаѓа до една бесплатна и огромна афирмација на државата "која тие ја претставуваат.

Во овие моменти на нашата држава кога треба да добие и поширока афирмација во светот, токму и ова е една од причините ние да се согласиме и оваа иницијатива ја прифатиме. Меѓутоа, треба да се имаат предвид и сите околности во кои се наоѓа нашата држава, а пред се од економски аспект, тоа да биде што е можно порационално и поефикасно, а не да се впуштаме само да направиме министерство и да ја зголемиме администрацијата со што ќе создаваме товар пак на самиот спорт, бидејќи тоа министерство ако се формира да биде формирано не заради министерство, заради администрација, заради постоење, туку токму заради оспособување на спортот во нашата Република и пред се афирмација на нашата Република надвор од границите на нашата Република.

Затоа мислам дека оваа иницијатива треба да ја поддржиме, а во рамките на правната регулатива да се преземат решенија кои нема да бидат во спротивност со Уставот. Не би требало да биде поврзано со целата друга организација на органите на управата на нашата држава, бидејќи тоа може да биде процес кој допрва треба да претстои.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ова прашање беше поставено на една од претходните седници, меѓутоа иницијатор бев јас и господинот Пановски.

Наполно сум свесен дека треба да се оформи такво министерство во нашата држава од причините што ги изнесоа претходните дискутанти. Со оформувањето на министерството, министерството за спорт и рекреација, како би го нарекол јас, ќе ги опфати сите гранки во спортот» во нашата Република.

Кај нас досега во спортот повеќе се мешаше менаџерството. Ми се чини со тоа ќе се прекрати, бидејќи во рацете на министерството за спорт и рекреација ќе бидат сите тие надлежности, а со тоа нема да се афирмира само спортот на Македонија, туку и нашите млади ќе покажат повеќе интерес за спорт и рекреација, а да не зборуваме за значењето на спортот во поглед на физичката способност на нашите деца,.

Министерството за спорт и рекреација ќе биде и координатор меѓу сите држави кои, подоцна ќе не признаваат, а се надевам дека таа координација на нашата држава со другите „држави ќе носи и приходи во сите временски периоди. Нашата држава ги има сите благодети, планини, езера итн.

Затоа ве молам сите пратеници да го прифатиме предлогот• на господинот Пановски и за тоа да гласаме, а законската регулатива што ќе следи ќе следи по сите законски правила на нашиот Устав, а Владата тоа ќе го прифати. Дури му ја олеснуваме работата на министерството за

просвета затоа што тоа ќе се занимава повеќе со активности околу методите на просветната работа итн.

**ДУШКО ГОРГЕСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека~во ситуација во која се наоѓа Републиката , во која се наоѓа стопанството, во која вкупно се наоѓаме сите, особено здравството кое се наоѓа во колапс и во колапс во кој се наоѓаме сите и едно вакво гурање на иницијатива со сета снага, наместо да размислуваме за додатна рационализација, ние размислуваме за додатни трошоци. Јас не гледам во овој момент да нашиот спорт, сите спортови и сите спортски работници немаат шанса да не ^афирмираат ако немаме специјално министерство за спорт. Сметам дури дека треба да рационализираме делови од министерство. Поаѓајќи од она да имаме министерство за развој, министерство за стопанство, можеби тие две треба да ги фузираме. Ние немаме министерство за енергетика, немаме министерство за сообраќај, и мислам дека тоа не е проблем да дел од тие нормативи што треба да се преземаат, а сигурно кои се преземаат да овие сегменти од севкупниот развој сепак до некаде се регулирани.

Сметам дека во овој момент, јас не сум против формираше на такво министерство, меѓутоа, навистина треба да се стави на кантар дали ни требаат додатни оптоварувања на така оптоварено стопанство, на многу неразрешени проблеми, ситуација во која се наоѓа не само стопанството туку и работните луѓе и граѓаните, што значи социјален колапс, што значи проблеми. Ние гледаме како се остварува програмата што пред некој/ден ја донесовме, гледаме како дивеат повторно цените, а одредени рамки и норми што ги преземавме дури ни во најмала рака не се спроведуваат. Од

таму мислам дека би било добро и разумно проширување од она што значи додатно оптоварување во овој момент најпогодно е да го оставиме во мирување, да причекаме малку подобри времиња, кое што ќе значи можност, аи тогаш сепак рационално да размислуваме. Не сум против, меѓутоа, сум исклучиво против заради ситуацијата во која се наоѓаме. Ние треба еднаш да ги надминеме многу поважните проблеми и да создадеме услови да одиме во понатамошна рационализација,"а не да создаваме услови за додадтно оптоварување, а декларативно да се определуваме за она што значи рационализација.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека и ние другите пратеници имаме разбирање за состојбите во стопанството и знаеме во каква состојба е стопанството, меѓутоа, јас сум за иницијативата на господинот Пановски. Ние имаме министерство за образование и физичка култура, а тоа му доаѓа како министерство за образование и хемија,или министерство за образование и ликовно воспитување. Пред се знаејќи ја структурата и во Министерството за образование, ние имаме таму луѓе кои се во образованието, меѓутоа, ама токму ништо немаат со физичката култура, односно со спортот. Така, сите тие асоцијации што се занимаваат со спортот односно физичката култура,-можат да бидат во Министерството за спорт. Јас мислам дека треба да одиме на гласање и иницијативата дека ќе помине.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Ако никој друг не бара збор, тогаш да се обидеме да заклучиме.

Овој заклучок малку подалеку од онаа мисла која сепак преовладуваше во расправата, но јас ќе се обидам овде да дадам еден заклучок.

Колку што јас слушав, овде никој не се противи тоа да има министерство за спорт од дискутантите, од учесниците во расправата од пратениците. Освен потпретседателот кој рече заради рационализација и така нешто. Инаку патем да ви спомнам дека најрационализирана државна управа има Швајцарија со осум министерства и едно од нив за нив е за спорт, младина и екологија. Според тоа рационализација може на разни начини да се изведе. И бидејќи никој не беше против тогаш предлагам да го донесеме следниот заклучок:

"Собранието констатира дека има потреба за основање на министерство за спорт, младина. Да кажеме и екологија? (се слуша гласови од пратениците).

Само за спорт, па нека се проучи после како ќе биде предлогот на законот.

Собранието денес оценува дека има потреба од тоа, а сега секој од пратениците има право во кој што мисли рок да направи нацрт на закон со предлог итн.,ако Владата нејќе да го направи тоа. Може секој да изработи предлог, секој е овластен предлагач. Друго е што овде се викаше да ја задолжиме Владата да има во вид, тоа е предлог само да го има во вид. Но треба да видиме, овде излезе дека преовладува мислењето дека има потреба од основање такво министерството. Го има во две комисии овде и во дискусијата преовлада.

Предлагам да. го измениме заклучокот и да кажеме вака:

Прво, овде стоеше со оглед на тоа што претстои донесување на нов закон за органите на управата Собранието оценува дека не е целисходно да се вршат измени и дополнувања на постојниот закон за органите на управата само за одделни прашања. Да не преставува,така круто ова, да не го одбиваме овој предлог, прво да биде "Собранието разгледувајќи го Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата со Предлог на закон, констатира дека има потреба од донесување на ваков закон". Има потреба од основање на министерство за спорт. .

Добро господин Пановски. Да не му го преиначам предлогот спротив неговата основна идеа.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас во мојот предлог што го доставив на 3.03.1992 година, значи пред два ипол месеци, што сите верувам дека го имате добиено, во потточката 4 стои:"ова е предлог за донесување на закон по скратена постапка". Ќе ви прочитам: "Согласно член 316 став 1^од Деловникот на Собранието, се предлага донесување на закон по скратена постапка, односно на истата седница на која Собранието ќе го разгледа и претресе предлогот за донесување на овој закон, од причини што не е во прашање сложен и обемен закон". Тука само по член 125 се додава 125-а, преку кој што, фактички ако ние денеска гласаме односно се изгласа овој предлог што јас го нудам, тогаш Владата веќе се задолжува премиерот да ни даде предлог , за кога он ќе оцени, после една или две седници со министер за спорт. Значи фактички.'тоа министерство веќе има законски основ да се прогласи. И мислам да се гласа по мојот предлог од 3 март 1992 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да, ние се разбира можеме токму вака да постапиме, меѓутоа, морам да ви кажам дека има на три комисии предлог, ова да не се усвои, а исто така и мислењето на Владата. Сега ние треба да видиме што ќе ставаме на гласање.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас предлагам на гласање првобитниот прочитан заклучок да биде, бидејќи ние не сме стручна институција да оцениме дали има потреба. Значи прво да се стави на гласање првиот заклучок, да ако не добие мнозинство,-па да се секираме за предлогот од Михајло Пановски. Како иницијатива. Инаку ние не сме стручна установа, сега ќе излезе само за спорт имаме потреба, стопанство немаме потреба, трговија немаме потреба, образование воопшто не ни треба, екологијата се ни е решено. Прво ако земеме ние и спортистите истиот Михаил Пановски ги кажа дека ние под туѓо државно знаме се такмичеле и сл. Јас сметам дека и во спортистите имаме повеќе функционери, отколку активни спортисти. Јас сметам првобитниот заклучок да се стави јiа гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние не сме стручна институција што вели господин Крстевски, и се разбира", ни на една стручна институција не и е дадено правото да оценува дали треба да се донесе некој закон. Потребата ја утврдува само Собранието. Само ние утврдуваме дали има потреба да се донесе некој закон. Секогаш е тоа така.

Добро овој предлог што го даде Крстевски мене ми олеснува. Меѓутоа, не ќе ја одрази основната мисла од расправата.

Тогаш да го прочитам уште еднаш текстот.

Прво, со оглед на тоа што претстои донесување на нов закон за органите на управата, Собранието оценува дека не е целисходно да се вршат измени и дополнувања на постојниот закон за органите на управата само за одделни прашања.

Второ, Собранието истакнува дека при изготвувањето на законот за органите на управата Владата на Република Македонија треба да ги преоцени сите барања, предлози и сугестии доставени д пратениците, парламентарни групи и други , што се однесуваат за изменување и дополнување на Законот за органите на управата.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Притоа, Собранието укажува дека е потребно да се имаат предвид роковите -за^донесување на Законот што се утврдени во Програмата за работа на Собранието за 1992 година, како и во член 7 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Трето, овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за правосудство и управа.

Ве молам, дали уште некој бара збор? ( не)

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас барав да се гласапо мојот предлог, тоа е деловнички

**СТОЈАН АНДОВ:**

По вашиот предлог потоа доаѓаат ставовите на комисиите а трите комисии овде имаат друг предлог, предлог со кој се вели да не се гласа за вашиот предлог, туку да се донесе овој заклучок.

**МИХАИЛ ПАНВОСКИ:**

Сакам да се гласа по мојот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може да се гласа. .Ве молам да се држиме до редот сега овде.

Ве молам, кој е .за предложениот заклучок нека крене рака? (пратениците креваат рака) За гласаа 52 пратеника.

Кој е против предлогот ? (7)

Дали некој се воздржува? (2)

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас го користам своето деловничко право да објаснам зошто гласам против, бидејќи мислам на овој начин се разводнува иницијатива та и јас гарантирам дека со ваков заклучок ние Владата не сме ја задолжиле со ништо И дека во наредните нитри, ни шест месеци нема да се констатира Министерството за спорт.

Што се однесува до мојот предлог барам секретарот да каже дали е во ред со Деловникот. Јас го дадов во нормална процедура, чекав два ипол месеци да дојде на дневен ред и јас воопшто ги отфрлам Заклучоците на комисиите кои што расправаа барам да се гласа по мојот предлог кој што е деловнички. Ако не деловнички, ако не е во ред Деловникот, нека излезат да кажат и ќе го ставиме на страна. Бидејќи е во ред со Деловникот јас барам да се гласа по мојот предлог

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, објаснивме, еве секретарот тоа стручно ми го објаснува заради тоа што предлозите^што ги даваат комисиите доаѓаат после предлогот, тие имаат право по Деловникот да бидат први на изјаснување. Бидејќи изјаснувањето по тие предлози исклучуваат правото на натамошно водеше постапка по овој закон на оваа седница тогаш ние не можеме да гласаме пак по овој предлог.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 17** - <u>Предлог за донесување закон за ратификација на Спогодбата за плаќање меѓу Република Македонија и Република Словенија со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот, извештаите на Комисија, за надворешно- политички прашања и односи со странство, Комисија за стопанство, Комисија за финансираше и буџет и Законодавно- правната комисија Ви се доставени односно поделени. ^

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за плаќаше меѓу Република Македонија и Република Словенија.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува некој од гласаше? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува (1)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Во врска со овој закон од Словенија имаме повеќе прашања зошто во Македонија сите што се занимаваат имаат потреба да обавуваат платен промет со Словенија се должни^ овде да отворат свои сметки во СОК, а не како што е во Словенија во банките. На тој начин соработката меѓу

словеначките и македонските банки е исклучена и оневозможена, а праксата во сите поранешни републики а сега држави е да се отворат сметки во банките освен во Србија и Македонија во СОК, каде очигледно се јакне таа државна контрола и се закочуваат парите. Што значи тоа, и врз основа на кој закон кога ние веќе службата на СОК треба да ја укинеме таа нема уставен основ.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Точно е тоа дека СОК треба да се трансформира во финансиска инспекција и тој закон е во процедура во Владата и наскоро ќе оди во Собранието, со кој се отстранува од правниот поредок постојниот закон со кој се уредува организацијата и работењето на СОК, а се презентира нов закон во кој таа се трансформира во финансиска инспекција.

Второ до вчера на подрачјето на кое што функционираше ЈУ динар службите на општествените книговодства функционираа насекаде, а сега останавме да функционира само на ниво на Србија и ние како последни во тој домен, а со самата трансформација на СОК нема да има никакви проблеми, надлежноста во доменот на платниот промет се префрлува во деловните банки. Кај нас таа процедура треба да отпочне, не е отпочната со донесувањето на законите таа е отпочната и е во процедура во Владата и треба да заврши таму за да продолжат и да се упатат текстовите на законите во Собранието.

Во напорите што се прават за воспоставуваше контакти со Владата на Република Србија за она што се случи после 26-ти и потребата за воспоставување на економски односи односно стоковниот промет и платниот промет со стопанствата на овие две републики, иницијативите што се нудат од другата страна се исто така во правец и покрај тоа што и

таму СОК не е и таму трансформирана но и иницијативите се врските во платниот промет да се одржуваат преку деловните банки кои ќе бидат назначени од едната и од другата страна кои можат да го обавуваат тој платен промет помеѓу двете републики. Ние во првичните расправи"меѓу нас сметаме дека нема да има никаков проблем. Исто така да се прифати и на дефинитивната средба со претставниците на Република Србија, но формално правно ние треба да го донесеме тие закони и таа служба да престане односно да се трансформира во што треба да се трансформира, за кое вие треба да се сретнете, а во меѓувреме во контактите со* Србија по се изгледа платниот промет ќе оди на ниво на деловните банки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е друга работа кога вие ќе се сретнете со Србија. Прашањето беше зошто со одлука на Владата се задолжени фирмите да држат сметки во' СОК кога тоа нема основа во ниеден закон. СОК е општествено книговодство, книговодство на општествениот капитал, сега имаме приватни фирми кои се занимаваат со трговија. Зошто е таа обврска во СОК да бидат сметките. Зошто да не е преку банките. Фактички платниот промет го држиме уште во СОК иако нема основа за таа работа и ги држиме старите односи. Тоа беше прашањето и укажуваат словенците дека е тоа кај нас некоја чудна пракса, каде одиме ние, изгледа се враќаме назад. Само прашање. Одговор нема. Нека нема. Само сакам да кажам дека тоа не е во согласност односно нема основа во спогодбата. Спогодбата не предвидува дека мора да биде во СОК, нели? (од салата се слуша глас дека предвидува)

Молам, предвидува?

Не сум ја видел, да видам, дај да провериме. Ве молам, тоа го разјасниме. Што не раководи нас да држиме СОК да го обавува она исклучиво платниот промет овде.^И зошто да ги врзуваме со странство, со Словенија да мора преку СОК,.кога целиот платен промет со странство и досега одел преку банките. Тоа е чекор назад во државата.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Ние дискутираме сега за односите меѓу Словенија и Македонија а Владата ни објаснува за односите меѓу Србија и Македонија. Во контактите што Владата ги има направено словенците имаат предложено да се обавува платниот промет во Словенија преку деловните банки. Ние инсистираме платниот промет да се обавува преку СОК. И сето тоа овде го кажа Беќир Жута јас имам една верзија гледано на новиот закон за трансформацијата на СОК кој е уште полош од сегашниот и службата се предлага да биде нова држава во државата. Новиот начин на работа и пазарните услови на стопанисување воопшто немаат потреба од воспоставување на Служба^на општествено книговодство, и затоа во Уставот таа е укината и мислам дека Владата треба длабоко да се замисли ако сака ние да имаме платен промет. Платниот промет меѓу постоечките републики со поранешна Југославија може многу брзо и ефикасно да се обавува само преку деловните банки. Секој други комбинации се надвор од сите економски логики. Така да сметам дека она прашање што го постави претседателот должна е Владата да одговори и тоа под итно да го направи. и тие сега се обидоа тоа да го решат со Инвест банка во рамките на Србија и Македонија и мислам дека тоа ќе се реши за пет дена по организации. Со

СОК тоа ние не можеме да го решиме за три-четири месеци и нема да се реши никогаш.

Затоа предлагам: да ја задолжиме Владата платниот промет да го насочи во почетокот меѓу поранешните републики на Југославија преку деловните банки, а после целокупниот платен промет преку деловните банки во Републикава.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Господине претседателе и господа и дами пратеници,

Прво мислам дека треба да се има предвид дека се работи за обострани акти, акти кои што се потпишани со 'претставници на Владата на Република Словенија уште пред нова година. И тие носат потпис во истоветен текст и треба да бидат верифицирани денеска затоа што во таков текст, а вие ги добивате и на словенечки и на македонски јазик тие текстови и во таков текст тие треба да се верифицираат и во Словенија, а тоа не значи дека јас и Владата инсистираме дека платниот промет ќе се одвива преку СОК. Водете сметка за временската дистанца.

Второ, тоа нас ништо не ни смета утре , а тие текстови треба да .одат така затоа што само во таков истоветен текст можат да бидат прифатени од другата страна, а не во преиначен текст, дека престанува Службата на - СОК да го обавува платниот промет, ќе се трансформира во тоа што ќе се трансформира и слично, но дали некој сретнал ваков или онаков закон е негова работа, меѓутоа, ние кога влеговме во игра во која влеговме со Србија поради потешкотиите што ги имавме пред да се договориме званично со другата страна од двете наши деловни банки побаравме преку нивните единици да го обавуваат платниот промет и да дојдат во Владата

да се договориме , се оглушија. Немојте да мислите дека нема проблеми и таму. Затоа што треба одредени подготовки и таму да се направат за да може таа функција да се извршува ефикасно. Одбиени сме за да дојдат да седнат и да се договориме како можат во овие услови во услови каде нема никаков траг одговор со стопанствениците од една страна и Владата од друга страна, како ќе го обавуваме платниот промет и кога најдовме дека преку двете нивни деловни единици и Стопанска банка и Комерцијална банка што ги имаат во Белград можевме тие сметки да ги отвараме и да го обавуваме прометот и да им овозможиме на стопанствениците полесно да доаѓаат до реализација и наплатата на реализацијата на сопствените производи на тоа подрачје не успеа. За тоа не беше пречка СОК. Малку работите да ги гледаме и во друг контекст. Но јас не го оправдувам ни тој контекст.

Дозволете, до вчера таа беше служба која беше ангажирана со закон за обавување на платниот промет. Престанува да ја обавува, дали ќе се трансформира и во што ќе се трансформира ќе утврди овде ова Собрание. Каде ќе оди платниот промет и под кои услови ќе го обавувааат деловните банки ова Собрание ќе се определува и таму ќе оди , а не на друго место. Но, дали треба овие документи да се условуваат сега со тоа"

**СТОЈАН АНДОВ:**

Изгледа не се разбираме со претставникот на Владата, само во еден момент да ја оставиме состојбата што ќе ја решавате со Србија, тоа е за после и за тоа нешто ќе кажеме но тоа друг пат, не е денес на дневен ред. Денес е Спогодбата со Словенија. Тогаш кога сте разговарале со Словенија

сигурно Словенците не ви рекле кај вас ќе бидат резидентни сметки во СОК, а кај Словенците како што напишале во банките, во деловните банки. Тоа била ваша волја и сега ние ви укажуваме во Собранието, бар јас така сметам тоа треба да го сториме оти тоа е минато време, оти не е ред така да работиме и треба да биде и кај нас во деловните банки, а Ве молам ако некој од деловните банки нејќе да отвора нерезидентни сметки тоа е работа на деловната банка и на партнерите , ќе се најде кој сака, без грижа за тоа, тоа воопшто не е работа на Владата, тоа требало со спогодбата Владата да го реши. Затоа предлагам бидејќи ова навистина е двостран документ не е само Ваш и нивни е и вака сте го запишале, СОК не е запишана по волја на Словенија, туку по ваша волја, сакаме да укажеме дека во новиот систем нема основа за тоа, а сакаме да не правиме понатаму проблем, донесувајќи го овој закон да донесеме заклучок дека ќе се покрене иницијатива за измена на спогодбата, ќе се избрише "СОК" и ќе се напишат "деловни банки" исто како и во Словенија, а потоа ќе дојдете овде со закон, инаку треба да ја одложиме ратификацијата, ништо друго. .

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас не знам сега дали треба да се одложи ратификацијата на платнава спогодба, можеби и тоа е подобро решение, меѓутоа сакам да кажам дека аргументите за некаква временска дистанца која што почнува од Нова година до сега дека заради тоа сме предлагале решенија СОК да биде местото за платниот промет, за отворањето на вакви сметки не држи од едноставна причина, затоа што и на Владата и на луѓето во Владата и на мнозина што/не се во Владата и на стопанството, јасно им е одамна за

платниот промет како се одвива меѓу држави, а особено за депласираноста и изживеаноста на решенијата платниот промет да се обавува воопшто за домашните правни лица во рамките на СОК. Дали се размислува за тој потез покажува и аргументот во врска со законот за банките што го гледавме ние пред неколку дена на Комисија за буџет во законот загбанките кој што е предложен текст исто така не се предвидува платниот промет да се обавува во банките, тие да ја вршат таа функција. Така да очигледно отсуствува таа идеа, сега во рамките на сите прописи што ги нуди Владата и бидејќи сепак е точно ова што претседателот на Собранието го вели Словенија предложила банките да бидат кај нив, ние сме предложиле СОК да биде. Тоа значи Словенија ни случајно нема да се буни ако вие за час таа работа со Словенија ја средите и побарате измена на тој збор таму или на таа реченица. Тоа може да се заврши за ден- два ништо повеќе од тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, за мене е најважно да се разјасниме по ова прашање, а брзо ќе дојдеме потоа до најправилно решение. .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам,кој уште бара збор?

Има збор господин Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас сакав да придонесам во смисла на тоа сепак денеска да заклучиме по однос на Ратификација на документот што се предлага.

Мислам дека ова што е сторено во однос на Словенија со Македонија, така како што рече и потпретседателот на Владата, е во едно друго време, во услови кога Словенија веќе беше осамостоена и кога, би се рекло, соодветно трансформирана. Кај нас тие процеси дури сега се одвиваат. Но, да може животот да тече, животот сепак да тече а ние да не бидеме пречка како Парламент, мислам дека треба да го прифатиме ова што претседателот на Собранието го предложи, а во смисла на тоа Ратификацијата да се изврши во онаа смисла како е предложена со Заклучокот што би значел своевидно сугерирање за трансформација и на нашата Служба на СОК за што ќе расправаме, сигурно, кога ќе стане збор за нејзиниот извештај. Меѓутоа, мислам дека ние, доколку сакаме да се однесуваме како што се однесува светот, ние мораме платниот промет да го сведеме^во банките, таму каде фактички се одвива животот на претпријатијата.

Да заклучам во таа смисла, Ратификацијата да ја извршиме со оној заклучок што се предлага, како генерален, а во меѓувреме и спогодбите што се склучени и со Словенија, па и со другите и што ќе се ,склучуваат да се упатат на односи со банките. Претпријатијата, нормално, во меѓувреме, во согласност со тоа што ќе заклучиме за трансформацијата на. СОК, да ги

преселат така да кажам своите сметки од СОК во банките. Сигурно дека тој процес не е лесен. Се работи за еден огромен систем, за апарат што со години е изграден со тешки маки и во одреден период покажал и одредени резултати. Но, времињата се менуваат, па затоа и оваа служба ќе мора да се трансформира во интерес на^ добрите деловни односи на нашите партнери, со партнерите од другите држави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можеби е поумно и покорисно за стопанствата на двете земји да не почне ваква пракса и да не ја озакониме денеска. Словенија е независна земја и Македонија е независна земја. Меѓународен платен промет меѓу две држави не може да се одвива преку СОК. Тоа треба да го разберете. Зошто сега да донесуваме закон? Ќе донесеме закон, тоа се озаконило, па после ќе го менуваме.

Да го одложиме за една недела, а вие со телефакс барајте да се усогласите, да се брише ова.

**СТОЈАН ТРАЈАНОВСКИ:**

Кај нив не може да се брише, затоа што тие го ратификуваа во нивното Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тие ќе дадат согласност. Кај нив не фигурира СОК. За нив е апсолутно сеедно тоа. За нив е потполно сеедно, а за нас, во оваа да речам нова историја во која ќе влеземе, ќе влезе дека сме донеле закон со кој во. меѓународниот промет го воведуваме СОК.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Предлагам ова да се одложи и молам да не се враќаме на тоа односно да не се враќам на она што господин Гошев го објасни. Нашата

Влада упорно сака да наметне да остане СОК, без разлика во која форма. Ние ќе ги одложиме, има време за тоа и да се донесе закон кој ќе личи на времето во кое што работиме.

**КИТАН СТОЈАНОВСКИ:**

Јас молам да се има предвид дека за трансформацијата на СОК ќе оди заедно во пакет со даночниот систем. Даноците и придонесите нема да одат преку банките, деловните банки. Од тие причини, бидејќи се бара ратификација, предлагам да се прифати предлогот на претседателот со работен заклучок, а законот денеска да се донесе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една напомена. Веќе неколку пати овде сме информирани и ни пишуваат дека ќе се трансформира СОК. Ве молам, никаква трансформација не доаѓа предвид што се однесува до нашиот Устав. Во нашиот Устав не постои СОК кај нас. Мора да се донесе закон за укинување на СОК. Премногу имаме трансформации и премногу континуитети. Тоа е недопустливо. Сфатете дека не можеме ниту една од институциите од тој систем да задржиме и нема да задржиме.

Друга работа е кои служби ќе ги основаме. Друга работа е дали ќе имаме служба на финансиска инспекција, некои одвоени анализи. Тоа не е. ниту трансформација, ниту континуитет. Тоа треба да биде јасно. Овде се зборува за трансформација и континуитет, а тоа не доаѓа предвид. По Уставот за тоа нема основ.

Треба прво да се донесе закон за укинување на СОК а потоа да се каже дека со овој закон друг, што се основа финансиска инспекција се презема дел од поранешната службана СОК, дел на кадри, дел на опрема, дел простории итн. Па да се каже дека се основа друга служба во која ќе се презема или ќе се дадат работи за  тоа и тоа, а никаков континуитет. Нема

основ во Уставот. Уставот е граѓанско друштво. Нема општествена сопственост. Нема социјализам. Тоа треба да го разбереме. Ова го кажувам затоа што постојано велите дека е трансформација.

Збор побара господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас мислам дека треба да се договориме и да кажам дека лично не сум за тоа да одложиме за една недела. Меѓутоа ако цениме дека работите можат да одат поинаку, па утре, претпоставувам дека вечерва нема да завршиме, утре да побараме и да постапиме така како што предложи претседателот. Ценам дека треба ние, како Парламент, да не бидеме пречка да се усвојат и умно е да се усвојат така како што треба да бидат во времето во кое живееме, да бидат современи, да не бидат надминати па веднаш брзо да ги менуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Николовски.

**НИКОЛОВСКИ**

Кога ќе се направи грешка, веројатно тешко се наоѓа излезно решение.

Јас мислам дека е најумно за овој Парламент да ја прифати Ратификацијата, бидејќи е таа прва меѓународна, така да кажам, а да се прифати воедно сугестијата на претседателот на Собранието, тоа да биде работен заклучок и мислам дека тоа чисто оперативно технички може да се совлада за неколку дена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Ѓорѓиев.

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Јас мислам дека имаме една јасна' ситуација, бидејќи овие спогодби се веќе ратифицирани во Словенија, а при самото договарање одредбите внатре ги знаеме кои се и сметам дека треба сега да се постапи на тој начин што денеска би го одложиле ова од одлучување. Но, да се пристапи кон работниот заклучок што ќе се донесе денеска. До колку е можно да се предложи на Словенија да ја прифати оваа измена што во меѓувреме ќе се направи за една недела и да разгледаме нови спогодби. Со такви измени да ги правиме спогодбите тука.

Инаку, овие спогодби во Словенија се веќе ратифицирани, со тоа што ќе се даде време да може да се разговара. Ова, повеќе од причина што веќе сега се јавуваат одредени проблеми за односите во платниот промет и со другите републики.

Не знам овие денови дали прочитавте дека ЈИК Банка веќе на просторот на Македонија се нуди како деловна банка што ќе посредува во платниот промет со Србија. Значи тој процес веќе отпочнува а и до сега така се одвиваше.. платниот промет со другите земји.

Сметам на овој начин да заклучиме, со работен заклучок, да се задолжи Владата да стапи во контакт со Словенија и на тој начин да се измени. Сметам дека Словенија ќе прифати да се измени Спогодбата. Така изменетата Спогодба да биде усвоена од Парламентот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи е ова само чисто наша*работа, не на Словенија, предлагам ние сега да прекинеме со работа, бидејќи е 17 часот, а попладне или утре

сабајле до 10 часот да успее нашата Влада да ја извести Словенечката влада и да добие согласност дека во Спогодбата и кај нас ќе отвораат сметки кај деловните банки. Со таков амандман овде да излезе Владата и утре да го усвоиме законот.

Дали се согласувате така? (Се согласуваме).

Молам, тоа е работниот заклучок.

Денеска прекинуваме со работата, а утре продолжуваме во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот).